# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 16, година XLVIII**
**Четврток, 28.12.2017**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Финансовата програма за одржување јавните зелени површини на територијата на Општината Битола во 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовата програма за одржување јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавните зелени површини на територијата на Општината Битола во 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавните зелени површини на територијата на Општината Битола во 2018 година , донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишниот план за работа на ЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Годишниот план за работа на ЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Годишниот план за работа на ЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот план за работа на ЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2018 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за не усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2018 година

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2018 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за не усвојување Финансискиот план и програма за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг - Битола за 2018 година

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Финансискиот план и програма за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг – Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување Финансискиот план и програма за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг - Битола за 2018 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот план и програма за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг – Битола за 2018 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за не усвојување Програмата за работа на Старскиот дом „Сју Рајдер“ Битола во 2018 година

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Програмата за работа на Старскиот дом „Сју Рајдер“ Битола во 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување Програмата за работа на Старскиот дом „Сју Рајдер“ Битола во 2018 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Старскиот дом „Сју Рајдер“ Битола за 2018 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2018 г.

1. Ја објавувам Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2018 г., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2018 г.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на територијата на Општина Битола што од своја страна вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиштето на долготраен и краткотраерн закуп и размена на земјиштето.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Битола ги третира териториите односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Македонија и каде што согласно Законот за Градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјишe во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

Согласно Одлука за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија за општина Битола на Владата на Република Македонија бр.51-5137/1 од 28.09.2011 год. Општина Битола од 2011 ги врши работите на располагањето со градежното земјиште остварува промет со градежното земјиште и приходи по тој основ.

**Просторен опфат**

Со ова Програма се дефинира менацирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Битола дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2018 година.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менацирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на

**ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр 07-1791/3 од 06.09.2011 г.

**Урбанистички План вон Населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“ општина Битола-измени и дополнувања** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр.07-831/23 од 28.04.2011 г.

**ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел“ измени и дополнувања Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-238/7 од 29.03.2000 г.

**ДУП за Урбана Четврт за локалитет „Француски Гробишта“ Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-06/12 од 15.03.2012 г.

**ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола - с. Новаци Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-15/21 од 04.07.2012 г.

**ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-3289/3 од 16 11.2009 г.

**ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-299/21 од 16. 02.2012 г.

**Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Нижеполе м.в. Чакал општина Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола

**Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-2699/14 од 23.12.2010 г.

**Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија“ КО Породин Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-1221/14 од 30.06.2010 г.

**ДУП за Буковски ливади II дел измени и дополнувања** донесен со Одлука на Совет на општина Битола од 30.09.1988 год.

**Поединечни нереализирани градежни парцели сопственост на Република Македонија што се во опфат на детални урба-**

**нистички планови на територија на општина Битола**

**Законски основ за изработка на Програмата**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16), чл.70 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник бр.10/2005) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп

ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола

Урбанистички План вон населено место Јужна Индустриска Зона ЖАБЕНИ измени и дополнувања општина Битола

ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола

ДУП за Урбан Четврт за локалитет „Француски Гробишта Блок 1„ Битола

ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола - с. Новаци Блок 1 Битола

ДУП за локалитет „ТУМБЕ–КАФЕ„ Битола

ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола

„Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба „Нижеполе“ м.в. Чакал општина Битола

Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола

Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија„ КО Породин Битола

**Цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а со тоа и да придонесат за развојот на општина Битола на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

**Динамика на реализацијата на Програмата**

Програмата за 2018 год. се планира да се реализира во два турнуси

Првиот турнус би го опфатил првото шестомесечије на 2018 год. и би ги опфатил парцелите за отуѓување по пат на јавно надавање од оваа Програма.

Вториот турнус би го опфатил второто шестомесечије на 2018 год.

**Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Македонија составена од седум лица од кои пет се со овластување за располагање со градежното земјиште.

**Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата**

Се очекува прилив на средства по Оваа Програма

- од продажба на парцели за индивидуално домување А1
- од продажба на парцели за домување во стамбени згради А2
- од продажба на парцели за групно домување А3
- од продажба на парцели за трговски центри Б1,Б2
- од продажба на парцели за државни институции В4
- од продажба на парцели за хотелски комлекс Б5

- од продажба парцели за образование и култура В1, В3
- од продажба на парцели за производство, дистрибуција и сервиси Г 2,3,4

**Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Потребни средства за реализација на програмата односно само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање изнесува: **1.000.000,00 ден**

**Преодни и завршни одредби**

Програмата ја усвојува Советот на општината.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на Општината Битола.

Бр.09-100/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата на Општина Битола за финансирање на културата во 2018 година

1. Ја објавувам Програмата на Општина Битола за финансирање на културата во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## на Општината Битола за финансирање на културата во 2018 година

Во рамките на надлежностите на локалната самоуправа спаѓа и задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Со имплементација на системските закони се засилуваат процесите на децентрализација на културата и се збогатува со вклучување на нови субјекти. Локалната самоуправа во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги открива нивните културни потреби и форми за нивно задоволување. Со оглед на тоа што локалната самоуптава располага со сопствени извори на приходи, реално е да се очекува дека и културниот живот во општината ќе биде побогат и поквалитетен. На овој начин се намалува разликата меѓу културните центри и провинцијата што соодветствува со севкупна успешна имплементација на децентрализацијата во Република Македонија.

Општините се надлежни за вршење на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање културни манифестации и поттикнување на разновидни специфичнини форми на творештво

Општина Битола во согласнот со своите надлежности и финансиски капацитети реализира низа проекти во културната сфера.

Дел од нив во традиционален контекст, но секогаш со силни заложби од локалната самоуправа за нивно збогатување и претставување, согласно со современиот израз и технички можности. Покрај традиционалните настани и манифестации, тековно се иницираат и реализираат и проекти од помал или поголем обем, со што Општината покажува дека е способна како за креативно, така и за организациско надградување на културната понуда во градот. Овој тренд ќе продолжи, со кој истовремено им се овозможува на многу млади уметници од Битола да бидат дел од културната понуда во текот на 2018 година, а секако нашите генерални програмски заложби оставаат простор, покрај за веке добро познатите културни настани и за воведување на нови и перспективни манифестации и случувања.

## Искористување на културата како ресурс за развој

Според новите концепции културата се третира како развој.

За да може културата да го облагородува и да го подига квалитетот на живот, за да биде елемент и орудие на општествениот развој, неопходно е самата постојано да се ревитализира и да се развива, за да може да обезбеди духовна и економска репродукција. Културата и творештвото не можат во целост да ја обезбедуваат својата економска репродукција на пазарот. Прво, заради тоа што голем број културни дејности ( заштита на спомениците на културата, библиотекарство, кинотечна и музејска дејност) по својата природа се непрофитни и второ, нашиот пазар е мал и ограничен и не може од продажба на културни производи да се оствари доволен профит кој би ја обезбедувал економската репродукција на културата.

Искористувањето на културата како ресурс за развој, претпоставува дека таа нема да се однесува само на интимниот свет на уметноста. Културата, како начин на живеење, е и човеков однос кон другите, кон животната околина и кон природата. Брзите промени предизвикани од научно-технолошката револуција и од индустријализацијата, потоа непромислената урбанизација и демографските промени, како и неконтролираното искористување на природните богатства, доведе до ерозија на животната средина. На фонот на еколошките иницијативи кои се залагаат за ревитализација на животната средина, оваа програма ќе поттикнува акции за нивна надградба и естетизација на просторот, преку оживување на старите градски јадра, преку освојување на нови простори за културни случувања, преку опустошените рурални средини, преку хортикултурно уредување и тн.

Проширувањето на подрачјето на културата ќе се одвива и низ развојот на културниот туризам. Со културниот туризам се афирмира и промовира културното наследство на домашната и на странската публика, а поврзувајќи се со една економска дејност, културата ќе остварува финансиска добивка, ќе се потпомага себеси и својот развој, а ќе се остварува и меѓународната афирмација на земјата и општината. Ќе се создадат услови кои ќе го олеснат социо-економскиот развој на нашата општина, преку искористување на културното наследство, а ќе се создадат економски гранки кои ќе се базираат на културата, ќе се зголеми ефикасноста на локалната власт – општината во управувањето со културното богатство, преку воспоставување заеднички активности, здружување и партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, што ќе создаде соодветни локални и развојни стратегии, развивање на менаџмент на локално ниво, подобрување на состојбата и презентацијата на културата и културното богатство.

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој ќе се прошируваат и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање: успешни домашни и странски компании, меѓународни фондации што финансираат културни проекти, спонзорства.

Ви ја доставуваме на Ваше внимание и разгледување предог Програмата за активности во областа на културата на Општината Битола за 2018 година.

**Манифестации:**

**4-ти ноември-**Ден на ослободувањето на Битола кој се одбележува со Програма од

неколку денови со повеке културно уметнички и спортски активности кои се одвиваат на повеке локации низ Битола.

**Бит Фест**-Фестивал со богата културна понуда кој се одржува во месеците: јуни, јули и август се со цел градот културно да живее и во летниот период.

**ИФФК „Бракa Манаки“** – Интернационалниот Фестивал на Филмската Камера „Бракa Манаки“ се одржува традиционално веке 37 години.

**Нова Година**-Организиран дочек на Нова Година на плоштад со пригодна програма.

**„Интерфест“**-Интернационален Фестивал на сериозна музика

**„Илинденски денови“**-Интернационален Фестивал на традиционални народни песни и игри.

**„Мал битолски Монмартр“** – Детско ликовно студио

**„Ден на културата“**-Традиционална манифестација во која учествуваат уметници од општината.

**„Камера 300“** - Фестивал на краткометражен аматерски документарен филм.

**„Коледе“**-Традиционална манифестација која се организира по повод верскиот празник Бадник – Коледе на плоштадот Гоце Делчев.

**Графичко триенале** - Меѓународно графичко триенале кое се организира на секои три години во Битола, на кое учествуваат голем број светски имиња од ликовната графичка уметност.

**Чествување на Велигден** – По повод верскиот празник Велигден се чествува со пригодна програма

**Денот на Европа-**Секоја година се одбележува со пригодна програма во соработка со Делгација на ЕУ во Македонија и училиштата од нашиот град.

**Чествување на патронот на Битола Св. Нектариј Битолски**

**Чествување на 8 септември** – Со пригодна програма се чествува независноста на Македонија

**Солстис -** Фестивал на музиката кој се организира со Францускатa Алијанса

**Битола отворен град**– Интернационален младински арт фестивал

**Локум Фест** – Фестивал на музика и традиција

**Фестивал на монодрама -** Театарски претстави

**Шекспир Фестивал**- Интернационален театарски фестивал со учесници од Европа и светот.

**Семакедонска средба** - Погранична средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија

**Денот на планетата Земја**- Пренесување на порака за здрава и еколошки чиста средина преку културна манифестација

**Нови културни активности и манифестации** – Покрај веке постоечките културни манифестации, секогаш постои можност за создавање нови културни манифестации, се со цел да се збогати културното живеење во нашиот град (општината). Општината Битола ги прифака сите нови идеи кои придонесуваат за промовирање на градот и културата.

**Регионална соработка** - Општина Битола ја зајакнува релацијата и ја продлабочува соработката со другите општини во реализирање на проекти во регионална соработка.

**Меѓународна соработка** – Општина Битола ја зајакнува релацијата и продлабочува соработката со збратимените градови, институции и општини од другите земји и учествува во реализирање на проекти во меѓугранична соработка.

**Поддршка на млади таленти и самостојни уметници**

**Саеми** – Презентација на Општината Битола на саеми во земјата и странство.

**Напомена: Планираните средства се само за програмски активности**

**Програма за реализирање на културни манифестации со финансова конструкција и потреби за 2018 година**

| Манифестации | Вредност во денари | Реализација |
|---|---|---|
| 4-ти Ноември | **100 000** | ноември |
| Бит Фест | **3 240 000** | Јуни-јули-август |
| ИФФК Брака Манаки | **400 000** | октомври |
| Нова Година | **1 000 000** | 31 декември (програма на Плоштад) |
| Интерфест | **250 000** | октомври |
| Илинденски денови | **100 000** | Јули |
| Мал битолски Монмартр | **200 000** | Мај |
| Ден на културата | **10 000** | 10 јуни |
| Камера 300 | **100 000** | октомври - ноември |
| Св. Нектариј Битолски | **60 000** | декември |
| | | |
| Денот на Европа | **10 000** | 9 мај |
| Графичко триенале | **60 000** | октомври |
| 8 септември | **50 000** | 8 септември |
| Коледе | **40 000** | 5 јануари |
| Нови манифестации | **600 000** | во текот на цела година |
| Регионална соработка<br><br>Меѓународна соработка | **530 000**<br><br>**600 000** | во текот на цела година |
| Поддршка на млади таленти и самостојни уметници | **500 000** | во текот на цела година |
| Саеми (ЗЕЛС, ЕХПО и др) | **1 000 000** | во текот на цела година |
| Велигден | **50 000** | |
| Непредвидени трошоци | **100 000** | во текот на цела година |
| **Вкупно :** | **9 000 000 денари** | |
| | | |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе ја определува Комисија составена од општинската администрација и стручни лица, врз основа на прибирање понуди за соодветни културни настани.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Битола за 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Битола за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА, ДЕТСКАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2018 ГОД.

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности на Општина Битола од областа на социјалната, детската и здравствената заштита, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на социо-економската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Битола. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Битола за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица и децата на улица. Ставките за нејзино остварување се распределени во Буџетот во неколку различни програми, дел во Социјалната програма како еднократната парична помош, поддршката на Здруженијата на граѓани преку нивни Проекти, но и во останатите програми од Буџетот,средства од донации, можност за дотација од Буџетот на Република Македонија, учество на Јавните Претпријатија, во дел во ставките на трошоци и сл.

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа помош кој живееат во Општина Битола.Со оваа Програма ќе се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.Остварувањето на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Битола е засновано врз Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата, Законот за семејство, Програмата за остварување на социјална заштита во Република Македонија, Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија.

Локалната самоуправа има надлежност во делот и на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво можи да се остварува и меѓуопштинска соработка, да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.

Покрај постоечките закони од значење за креирањето на локалните политики од сферата на социјалната заштита е и Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа со кој се дефинираат изворите на приходи како што се сопствените приходи, донации, дотации, трансфери од буџетот на Република Македонија и меѓународни институции. Во законот за Локална самопуправа е наведено дека Општините имаат надлежност, освен во социјала, и во детска и здравствена заштита. За таа цел потребно е и зголемен обем на активности во оваа сфера.

Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Но и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилчишна возраст во Детските градинки во Битола.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2018 година.

**Активности:**

1. **Доделување на Еднократна парична помош**

2. **Еднократна парична помош на физички лица** изложени на социјален ризик и тоа
   - Болни и изнемоштени лица
   - Лица со попреченост
   - Семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави)
   - Самохрани родители без дополнителни приходи

   Носител: Општина Битола

   Буџет: 5.000.000 ден Програма АО-Совет на Општина Битола

1.000.000 ден од Програма ДО - Градоначалник
Извор: Буџет на Општина Битола
Рок: 2018 год.

**1.2. Еднократна паричка помош на здруженија на граѓани** за реализација на проекти од областа на социјалната заштита. Невладиниот сектор во Општина Битола преку Здруженијата на граѓани доставува Проекти за работа и се финансираат од оваа ставка, а со тоа придонесуваат за јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор и поддршка и решавање на одреден дел проблеми и на оваа група на граѓани кои се во социјален ризик, подобрување на состојбите во градот и доставуваат извештаи за потрошените средства кои се наменски.

Носител: Општина Битола
Буџет: 3.000.000 Програма АО Совет на Општина Битола
500.000 Програма ДО - Граноначалнк
Извор: Буџет на ОБ
Рок: 2018 год.

**1.3. Оремување на „Сензорна соба“**

Општина Битола грижејќи се за потребите на учениците со попреченост од ОУ „Ѓорги Сугарев“ ќе обезбеди парични средства за опремување на „сензорна соба“ со која ќе се унапреди процесот за нивна рехабилитација.

Носител: Општина Битола
Буџет: 180.000 ден
Извор : Донација од Шветска
Рок : 2018 год.

**1.4. Доопремување воЗаводот за деца со оштен слух, глас и говор „Кочо Рацин“ од Битола**

**2. Социјална заштита на стари лица**

**2.1. Катчиња за дружење на старите лица во урбаните заедници.**

Возрасното население во ОБ т.е пензионерите имаат потреба дел од своето слободно време да го поминат во дружба и активности за подобрување на квалитетот на нивниот живот.За таа цел ОБ ќе помогни при адаптирање на некои од просториите во урбаните заедници кои што во моментов не се искористени за други цели.
Носител: Општина Битола
Буџет: 100.000 ден
Извор: Буџет на Општина Битола и донации
Рок: до крајот на 2018 год.

**2.2. Нега и грижа за стари и изнемоштени лица**

Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани ќе оствари нега и грижа на стари изнемоштени лица без семејна грижа во домашни услови. Проектот тековно се одвиваше изминатите години со помал буџет и опфат на помал број на стари лица од страна на ЗГ „Организација на жени“ Општина Битола. Наредната година предвидуваме зголемување на бројот на старти и изнемоштени лица а со тоа и вклученост на поголем број на волонтери кои би соработувале и со Народната кујна, за лицата кои се во социјален ризик.
Носител: Општина Битола
Буџет: 50.000
Извор: Буџет на Општина Битола
Рок: до крајот на 2018 год.

**2.3. Дружење со стари лица**

Посета на стари лица од Домот за стари лица Суе Рајдер во Битола, Градоначалничката на Општина Битола со дел од Советниците во Советот и администрацијата од локалната самоуправа, на дружба со овие наши сограѓани. Средбите ќе бидат пропратени со пригодна приредба со деца од Градинките и ќе им се однесат пакети со храна, овошје и пијалоци, а и симболични подароци во пресрет на Нова Година, велигденските празници и денот на старите лица. Целта е социјализација на овие лица, нивна поддршка и намалување на чувството на осаменост.
Носител: Општина Битола
Буџет: 30.000 ден
Извор: Донаци
Рок: до крајот на 2018 год

.

**3. Ран детски развој**

**3.1. Зголемување на капацитетите на детските градинки**

Општина Битола има потреба за зголемување на капацитетите на детските градинки. Во постоечките детски градинки „Снегулка“ , „Пролет“ и „Вангел Мајорот“ во склоп на ОЈУДГ „Естеја Овадија Мара“ за реконструкција, проширување и доградба.

Носител: Општина Битола, МТСП и градинките
Буџет: 8.000.000
Извор: Буџет МТСП, градинките и донатори
Рок: до крајот на 2018 год.

**3.2. Програма од областа на детската заштита**

Изработка на програма за детска заштита со која континуиранoќе сеспроведуваат манифестации: Априлијада, Детската недела, обележување на Велигден, организирање на предавања од областа на здравјето, спортски активности за младите и др. активности.

Носител: Општина Битола
Буџет: нема
Извор: Основни и Средни училишта5
Рок: до крајот на 2018 год.

**3.3. Инклузија на деца- Роми во ЈОУ детски градинки**

Со проектите за инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, Општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз. Целта е нивно вклучување во воспитно-образовниот процес и социјализација со другите деца, стекнување здрава навики, згрижување на овие деца и олеснување на нивната адаптација пред да започнат со редовно школување. Соработка со Здруженијата на граѓани кои работат со ромските деца за нивно едуцирање, вклученост во образовниот процес, особено за децата од ранливите категории, семества со социјален ризик и превенција и намалување на бројот на деца на улица.

Носител: Општина Битола
Буџет: 60.000 ден
Извор: Буџет на ОБ
Рок: до крајот на 2018 год

**4. Социјална заштита на лица со посебни потреби**

**4.1. Изготвување на годишна програма за работа со лица со попреченост и нивните родители.**

Општина Битола во соработка со здруженијата на граѓани со посебни потреби и нивните родители ќе изработи програма за потребите на оваа категорија граѓани, решавање на нивните потребни и планирани идни активности за олеснување на нивниот живот и социјална вклученост.

Носител: Општина Битола
Буџет:
Извор: Програма за еднократна парична помош
Рок: до крајот на 2018 год.

**4.2. Дневен центар за деца со атизам**

Продлабочување на соработката и финансиска помош на постоечкиот дневен центар на деца со аутизам во соработка со МТСП и ОБ за понатамошна реализација на нивните планирани активности. Во соработка со родителите на овие деца ќе излеземе во пресрет во решавање на нивниот проблем за обезбедување на стручна помош во образовниот процес.

Носител: Општина Битола
Буџет:
Извор: Програма за Здруженија на граѓани
Рок: до крајот на 2018 год.

**4.3. Обележување на 15 октомври меѓународниот ден на белиот стап**

**4.4. Обележување на 3 декември меѓународен ден на хендикепирани лица**

Лицата со телесна попреченост традиционално остваруваат средби за одбележување на овај ден, и Градоначалничката на Општина Битола со дел од Советот уи локалната самоуправа присуствува на настанот. Во текот на календарската година, дел од овие лица кои се во социјален ризик можат да аплицираат за еднократна парична помош или да биде вклучени во проектите на здруженијата на граѓани кои ќе обезбедуваат волонтери за достава на храна од Народната кујна.

Носител: Општина Битола
Буџет:
Извор: Програма за Здруженија на граѓани
Рок: до крајот на 2018 год.

**4.5. Обележување на меѓународниот ден на Ромите 8 април**

**4.6. Инфраструктура за повеќе категории на лица со попреченост.**

Со цел да се подобри животот на лицата со оштетен вид, слух, лица со телесна попреченост, Општина Битола ќе помогне во прилагодување на постоечка инфраструктура и покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградна на нова инфраструктура во рамките на финансиските можности.

Носител: Општина Битола
Буџет:
Извор: Буџет на Општина Битола и донации
Рок: до крајот на 2018 год.

**4.7 Ликовен хепенинг за Велигденските празници**

Децата со аутизам и деца со телесна попреченост, заедно со децата од детските градинки ќе бидат учесници во еден ликовен хепенинг на Широк Сокак. Програмата ќе биде по повод велигденските празници и ќе биде заеднички организирана со Општина Битола, Малиот Битолски Монмартр и Детските Градинки, и деца од Здруженијата на лица со инвалидност и Здруженија на лица со посебни потреби. Цртежите да бидат изложени после Ликовниот Хепенинг, со пригоден каталог , во некиој од објектите за Изложби, Магаза или Музеј на Општина Битола.

Обезбедување на мартеријали за сликање, бои, четки, штафелаи. Мала ужинка за децата, каталог и простор за Изложба. Целта е инклузија и дружење на овие деца и нивна можност за креативност и соработка со Здруженијата на граѓани од областа на социјалната заштите.

Носител: Општина Битола
Буџет 50.000
Извор Општина Битола, Програма Градоначалник Донатори.
Рок: 2018

**5. Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост**

**5.1. Народна кујна**

Општина Битола има препорака од МТСП преку Центрите за социјална заштита со инструкции за имплементација на проектот „ Народни кујни“. Локалната самоуправа е предложено да обезбеди две до три локации на територијата на градот. Во нив треба да има соодветни хигиенски услови за работа и адекватен пристап каде ќе се дели храната. Општина Битола ќе обезбеди садови за делење на храната и услови за хигиенско складирање на истата. Во соработка со Здруженијата граѓани ќе обезбеди волонтерска помош при делење на храната а и достава до домовите на лицата со посебни потреби кои се во положба на висок социјален ризик.

Носител: Општина Битола
Буџет: Согласно договорот со Центарот за социјална работа и МТСП.
Извор: Буџет на ОБ и МТСП
Рок: до крајот на 2018 год.

**6. Унапредување на здравјето на населението**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2018

година , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/13
28.12.2017 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2018 година

### 1. ПРЕДГОВОР

Програмата за активностите во областа на спортот во Општина Битола за 2018 е направена врз основа на основните одредби од Законот за спорт и Законот за локална самоуправа.

Јавниот интерес на спортот според Законот за спорт е:

- поттикнување на спортските активности на децата и младината во рамките на националните спортски федерации;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите за постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации на Републиката;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објектите за спорт од јавен интерес за Републиката;
- здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, надомест за осигурување од последици од несреќен случај и ризици, за категоризираните спортисти во согласност со овој и друг закон.

Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;
- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;
- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;
- .поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;
- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Програмите се финансираат од буџетот на Општина Битола, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив поднесуваат извештај до Комисија за евалуација на барања за финансиска помош од Програмата за активности во областа на спортот.

## – ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Главни цели на програмата за активности во областа на спортот е афирмирање на Општина Битола како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт. Младите голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности односно „Спорт за сите“ ќе придонесе за подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури.

Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот.

Општина Битола преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

## – ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ЖЕНАТА ВО СПОРТОТ

Поттикнување и поддршка на активности за зголемување на вклученоста на жената во спортот во сите сегменти е прашање на кое во меѓународната сфера му се дава посебно значење. Жените и мажите може да имаат различни искуства и интереси поврзани со спортот и рекреацијата и дека тоа може да е резултат на полови стереотипни односи и акции, поради што треба континуирано да се спроведуваат акциски мерки и тоа:

1. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација како и достапност до сите спортски објекти.
2. Да се зголеми учеството на жените во раководните позиции и управувачки одбори на спортски здруженија и акционерски друштва.
3. Да се поттикнува подеднакво учеството на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортските активности, вклучително и во оние активности кои традиционално се сметаат за “женски“ или „машки“.
4. Да се поттикнува промоција на спорските активности од страна на спортските федерации како предизвик за стереотипните гледишта на жените и мажите.
5. Да се направат напори за елиминирањето на стереотипите кои постојат кон жените спортистки започнувајќи од изедначување на паричните награди за мажи и жени.

## – МЕТОДОЛОГИЈА

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за:

1. Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт со реализирање на

спортски активности и систем на натпревари на учениците.

2. Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола.
3. Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
4. Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Битола.
5. Поддршка на програми и проекти на останати спортски организации од интерес на Општина Битола.

Вреднувањето на доставените програми се одредува врз основа на:

- остварени спортски резултати ( клубови кои се натпреваруваат во највисоката лига на натпревари или клубови кои што имаат поединци со остварен висок пласман прво, второ или трето место на официјалните Европски и Светски Првенства )
- број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти
- број на земји учеснички
- манифестацијата да е во календарот на меѓународната спортска асоцијација, со статус и категорија на меѓународен натпревар.

## 2. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

### – ТРАДИЦИОНАЛНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Општина Битола ќе ги финансира традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината.

Организаторот на традиционалната спортска манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:

- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација
- финансиски план и извори на финансирање
- организационен одбор на манифестацијата
- спортисти, спортски екипи кои ќе настапат

### – Организација на избор за најуспешни спортисти во општина Битола
### – Награди

За остварените спортски резултати на меѓународната сцена Општина Битола ќе ги наградува спортистите и спортските клубови.

**Буџет: 350.000,00 денари**

### – МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС

Општина Битола преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

Организаторот на манифестацијата од особен интерес кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:

- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација
- финансиски план и извори на финансирање
- организационен одбор на манифестацијата
- спортисти, спортски екипи кои ќе настапат

**Буџет: 100.000,00 денари**

### – ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА – ДОНИРАЈ

Општина Битола покрај тоа што организира хуманитарни акции за младите од социјално загрозени семејства исто така учествува и со донирање на спортска опрема – тренерки, топки и други спортски реквизити на младите од социјално загрозените семејства.

- Донација на спортска опрема во Завод за деца со оштетен слух
- Донација на спортска опрема во Дом за доенчиња и мали деца
- Донација на спортска опрема на млади спортисти од социјално загрозени семејства

**Буџет: 300.000,00 денари**

**– КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ**

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции кои се одржуваат два пати во годината на кои се доделуваат спортски маици.

**Буџет: 50.000,00 денари**

**– СТОП НА ПОРОЦИТЕ**

Едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите.

**Буџет: 50.000,00 денари**

## 3. УЧИЛИШЕН СПОРТ

Во насока на унапредување на училишниот спорт општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола – **РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ**.

Организирањето на училишниот спорт во основните и средните училишта на подрачјето на општината Битола се врши преку основање на училишни спортски клубови кои делуваат во своите училишта со дадена согласност и приоритет во договорите за користење на училишните спортски сали без надомест.

Општина Битола ќе продолжи да ги финансира Општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно **НЕ** се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови. Овие лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината.

Општина Битола ќе ја финансира и **Програмата** на Општинскиот сојуз на училишен спорт која е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и истата е од натпреварувачки карактер.

За унапредување на училишниот спорт главна улога има мотивираноста на стручниот кадар кој произлегува од воспитно образовниот систем, константна расположливост на објектите за спорт во училиштата, прилагодување на систем на натпревари заради мотивираност на учениците и вонанаставни активности.

**ПРОГРАМА НА ОСУС: .............350.000,00 денари**
**УЧИЛИШНИ ЛИГИ: ............... 500.000,00 денари**

**Буџет: 850.000,00 денари**

## 4. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови регистрирани кои егзистираат на подрачјето на Општина Битола преку објавување на **Јавен повик** за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации, а средствата ќе се доделуваат согласно **Методологија** за определување на критериуми за доделување на финасиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на Општина Битола.

Оваа програма треба да обезбеди поддршка на спортските клубови кои се членки во **националните спортски федерации** за учество на спортисти поедици и национални тимови во рамки на меѓународен систем на натпревари. Поддршката треба да се заснова на претпоставки за успех темелени брз реални параметри, односно врз основа на спортски резултати кои во рана фаза ќе го потврдат врвниот спортски потенцијал. Исто така висината на финансиските средства кои

што ќе бидат доделени на спортските клубови квалитативно ќе бидат оценувани од Комисијата за млади и спорт од Совет на Општина Битола.

**Подносителот на програмата/проектот има право да учествува или во Јавениот повик од Програмата или во делот на организација на спортските манифестации/проекти од останатите утврдени области.**

Подносителот на програмата односно спортските клубови за добивање на финансиски средства од буџетот на Општина Битола треба да достават:

- програма или проект за активностите во областа на спортот кои што ги планираат да ги остварат во тековната година
- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година ( Во прилог да се достават )
- финансиски план и динамичен план за користење на средствата
- спортскиот клуб треба да биде регистриран согласно Законот на здруженија (тековна состојба не постара од 6 шест месеци)
- бројот на спортисти и спортски екипи кои што ќе настапат согласно програмата
- доказ дека активно учествува во натпреварувањата кои се организирани од програмите на соодветните спортските федерации при Агенцијата за млади и спорт согласно Законските регулативи.
- здружението да биде со седиште во Општина Битола

**Прифатливи трошоци се**:

- Трошоци за закупнина на спортски сали, спортски терени и спортски објекти за одржување на спортски тренинзи и натпревари
- Трошоци за стручна работа на тренери и спортски работници за спроведување на програмата или проектот
- Трошоци за натпреварувања ( котизации, членарини, трошоци за судии, трошоци за делегати, трошоци за службени лица на натпреварите, трошоци за превоз, трошоци за опрема)
- Трошоци за организација на манифестација и спортски настани (трошоци за објектот или теренот за одржување на манифестацијата, набавка на пехари и медаљи, трошоци за службени лица , трошоци за опрема за озвучување и трошоци за водител на манифестацијата)
- Трошоци за графички услуги (графичка припрема, печатење на опрема, брошури, весници)
- Трошоци за комуникација (телефон, интернет) и останати трошоци кои се поврзани со имплементација на програмата или проектот (книговодствени услуги)
- Трошоци за набавка на опрема неопходна за реализација на програмата или проектот

**Неприфатливи трошоци:**

- Трошоци за каматни долгови
- Трошоци за казни и трошоци за судски спорови
- Трошоци за исплаќање на плати на (професионални ) спортисти
- Трошоци за придонеси, здравстено и пензиско осигурување
- Трошоци кои биле финансирани од други извори
- Трошоци за набавка на веќе користена опрема
- Трошоци за донации во добротворни цели
- Трошоци кои не се поврзани со програмата или проектот за кој се аплицира

**Буџет: 2.000.000,00 денари**

## 5. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Општина Битола во насока на унапредување на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола. Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и ќе привлечат голем број компании, а

исто така со добро раководење ќе имаат можност да остварат профит кој ќе биде вложен во клубот. Самите вложувачи акционери ќе имаат свои права кои ќе ги остваруваат. Со оваа мерка ќе се придонесе кон следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови и поголеми можности за остварување профит од истите.

**ФУДБАЛСКИ КЛУБ „ ПЕЛИСТЕР “ АД БИТОЛА ........................... 8.000.000,00 ден.**

**РАКОМЕТЕН КЛУБ „ ПЕЛИСТЕР “ АД БИТОЛА ........................ 15.000.000,00 ден.**

**КОШАРКАРСКИ КЛУБ „ ПЕЛИСТЕР “ АД БИТОЛА ..................... 4.000.000,00 ден.**

**Буџет: 27.000.000,00 денари**

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ

### – ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ

Општина Битола ќе поддржува иницијативи и активности за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во општината, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на големите урбани центри во светот.

Општина Битола преку овие програми и проекти ќе овозможи поинтезивна комуникација на спортистите и нивните здруженија со спортистите од другите градови во Република Македонија, во големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

Организаторот или носителот на програмите и проектите од останатите спортски организации од интерес на Општина Битола, кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:

- програми за реализација на проекти, спортски активности и манифестации
- финансиски план и извори на финансирање
- број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи кои ќе настапат во програмите, проектите, спортските натпревари, спортските активности и манифестации.

Општината исто така ќе ги поддржува и женските спортските здруженија кои се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги во Република Македонија, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва.

**Буџет: 1.000.000,00 денари**

### – КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ НА РАКОВОДНАТА, СТРУЧНАТА И НАСТАВНИЧКАТА СТРУКТУРА

Еден од главните предуслови за развој на спортот и негово унапредување е и континуирано усовршување на постојните кадри кои администрираат во дејноста спорт преку доедукација, обуки и останати облици на пренос на знаења.

Покрај спортските тренери, спортските менаџери и чинителите на системот на натпревари, од голема важност е наставниците и професорите по физичко и здравствено образование од основните и средните училишта континуирано да следат обуки за надградба на образованието. Под континуирано стручно усовршување на наставниците и професорите се подразбира усвојување и примена на современите достигнувања на науката и праксата заради остварување на целите и задачите на образованието и унапредување на образовната пракса. Стручно усовршување треба да биде насочено кон оспособување за самостојно планирање и програмирање на воспитно – образовната и стручната работа, стекнување нови знаења и нивно комплементирање во постојниот систем и во процесот на натамошното следење на развојот, да ги препознава промените и состојбите кои може да доведат до разни функционалнии структурални промени кај учениците и да биде подготвен да делува во нивно надминување. Превземање реформи во подобрувањето на менаџментот во спортот е стратешки значајно и при

формирање на развојните програми за селекција на младите спортисти, нивна рана идентификација и натамошни спортски резултати.

**– СПОРТ ЗА СИТЕ**

Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

1. Ден на велосипедот
2. Пелистерски рекреативни денови
( превоз на граѓаните )
3. Спортски ден на жената
4. Спортско лето
(Бесплатни часови во текот на летниот период за сите граѓани на општината по одделни спортови. Тренизите ќе бидат спроведени од страна на спортските тренери кои се финансирани од Програмата )
5. Спортско – рекреативни денови со соседните земји
( превоз до соседните земји и размена на искуства )
6. Ролеријада и скејтбординг

Буџет: 200.000,00 денари

**– ПРОГРАМИ ЗА АКТИВНОСТИ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**

Општина Битола ќе поддржува и спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби на подрачјето на општината.

**Буџет: 150.000,00 денари**

**– СРЕДСТВА ЗА МЕДИУМСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СПОРТСКИ НАСТАНИ**

Општина Битола ќе го поддржува пристапот на медиумите кон објективност и навременост на информациите од спортот кои се проследуваат до јавноста како еден од главните чинители за развој на спортот.

Локален спортски весник:

- Известување за успесите на учениците во училишните лиги
- Известување за успесите на локалните професионални спортисти

**Буџет: 150.000,00 денари**

**– ЛОКАЛЕН СОВЕТ НА МЛАДИ**

Преку организации на трибини, курсеви и презентации континуирано да се овозможува активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација.

Спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време. Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). Училиштата да спроведат едукација за подигнување на свеста кај младите за предностите и бенефитот од активното учество во спортските активности. Спроведување на превентивни програми од злоупотреба на дроги во училиштата на подрачјето на општина Битола. Воведување на локални програми за волонтирање на младите во разни хуманитарни акции каде што заедно со спортистите, спортските работници и целиот спортски кадар ќе дадат позитивен пример за оформување на младинското делување во сите свери од општеството и ќе ја зголемуваат хуманитарната свест кај луѓето.

- Доопремување и тековни трошоци на Канцеларијата за млади
- Програма (активности) на Советот на млади
- Поддршка на проекти за млади (финансирани од други извори)

**Буџет: 500,000.00 денари**

## 7. СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА

Општина Битола покрај поддршка на програми и проекти на спортски клубови исто така во континуитет ги подобрува условите за тренинг како главен предуслов за постигнување на врвни спортски резултати.

Општина Битола на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинг без надомест и тоа во професионалниот спорт кај оние кои што се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги на Р.Македонија и каде што Општина Битола се јавува како акционер, а кај аматерскиот спорт на спортски клубови кај кои поединци имаат остварено највисоки спортски резултати од официјални Европски и Светски Првенства (I, II III место) и тоа признати од националните спортски федерации во континуитет од неколку години, не само поединечни блесоци.

Според статистиката на спортските резултати во изминатите години во општината како најтрофејни спортови и спортови кај кои што се постигнале најголеми резултати од официјални Европски и Светски Првенства се ракомет, атлетика, кик-бокс, бокс, стрелаштво, гимастика, алпинизам. Општина Битола ќе ги стимулира овие спортови и ќе создава услови за тренинг на сите спортисти кои ќе постигнуваат врвни спортски резултати а истите немаат услови за спортски тренинг.

Општина Битола континуирано ќе инвестира во обезбедување услови за спортување преку реализирање на програми за подобрување на спортската инфраструктура, преку изградба и адаптација на спортски објекти, реконструкција и модернизација на постојните спортски објекти како и со замена на дотраените спортски реквизити со нови.

- Спортски реквизите (кошаркарски табли и обрачи, ракометни и фудбалски голови, мрежи, топки )

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот во Општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола.

Поединечната евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка кои се предвидени во оваа програма ги евалуира Комисија од општинската администрација. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства. Комисијата при реализација на програмата има обврска да ги почитува принципот на јавност и транспарентност и при доделување на средствата да води сметка за усогласеност на исплатата со неопходноста за исплата и финансиски можности на буџетот на Општина Битола. При евалуација Комисијата ќе посветува посебно внимание на оправданоста на потрошени средства од претходни реализации на програми и проекти од Програмата за активности во областа на спортот во општината Битола, образложени во навремено доставен извештај по реализирани проекти.

**ВКУПНО : ................. 33.000.000,00 денари**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година**

1. Ја објавувам Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година

### ВОВЕД

Годишната програма за изработување на урбанистички планови и урбанистичко плански документации на подрачјето на Општина Битола за 2018 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработка и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се урбанистичките планови од член 7 став 1 точка 2 и урбанистичко-планските документации од член 7 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

### I ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на Програмата е да се овозможи ефикасно спроведување на политиката на планирање и уредување на просторот на територија на Општина Битола и создавање на услови за рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на Општина Битола.

### II ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Изработка на урбанистички планови

**1. ИЗРАБОТКА НА ГУП ЗА ГРАД БИТОЛА (приближно 2500 ха),**

**2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** согласно чл. 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

**3. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ 23/11 и 54/11)**

**4. Изработка на Урбанистички планови согласно Чл. 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)

**5. Изработка на урбанистичко планска документација за Туристичко развојни зони и Автокампови, согласно член 48 од Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)

**6. Изработка на Урбанистички планови согласно чл. 50 и чл. 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)

**7. Изработка на Урбанистички планови согласно чл. 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)

**8. Изработка на Урбанистички планови согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 169/15)**

**9. Изработка на Услови за планирање за Урбанистички планови за села и Локални урбанистичко плански документации,**

**10. Изработка на заштитно конзерваторски основи,**

**11. Изработка на ажурирани геодетски подлоги,**

**12. Изработка на стручни ревизии,**

**13. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ**

**13.1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ (ДУП)**

13.1.1 ДУП за Цент.Гр.Подр. 2 дел - Урб. блок „5 и 6“ - Битола (2.80 ха)
13.1.2 ДУП за Цен.Гр.Подр. 4 дел - блок „7“ -Битола, (1.9 ха)
13.1.3 ДУП за Цен.Гр.Подр. 5 дел - Блок „1“ -Битола (4.80 ха)
13.1.4 ДУП за Урб.Ед. бр. 8 – Блок 6 - Битола (3.40 ха)
13.1.5 ДУП за Стрчин - Урб. блок „4“ - Битола (9.53 ха)
13.1.6 ДУП за Стрчин - Блок „6“ - Битола (3,00 ха)
13.1.7 ДУП за Г. Оризари - Урб. блок „3“ - Битола (2.80 ха)
13.1.8 ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола с. Новаци (26.23 ха)
13.1.9 ДУП за Индустриска зона „Блок Битолатекс“ - Битола (16.0 ха),
13.1.10 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 1, - Битола (2,20 ха)
13.1.11 ДУП за СЗ Девеани Блок 1“ - Битола (3.3 ха)
13.1.12 ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп - Битола (16,00ха),
13.1.13 ДУП за МЗ Г. Оризари 2 дел Блок 1“ - Битола (34.0 ха)
13.1.14 ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 - Битола (16.55 ха)
13.1.15 ДУП за Станбена заедница Даме Груев Блок 15, - Битола ( 2,0 ха)
13.1.16 ДУП за Комплекс на сервиси и мало стопанство Запад 1 дел, Блок 2 - Битола (8,7 ха)
13.1.17 ДУП за 2 дел од Комплекс на сервиси и мало стопанство во западен дел од потесното градско подрачје Блок 1 - Битола (3,9 ха)
13.1.18 ДУП за Нови градски гробишта, Блок 2 - Битола ( 4,0 ха)
13.1.19 ДУП за Месна заедница Горно Оризари Блок 1 - Битола (3,5 ха)
13.1.20 ДУП за Станбена заедница Даме Груев Блок 16 - Битола ( 2,0 ха)
13.1.21 ДУП за ССЗ Триаголник Блок 2 - Битола ( 1.6 ха )
13.1.22 ДУП за Станбена заедница 4 и 2 Реонски центар ЗАПАД Блок 1 – Општина
Битола, (4,33 ха)
13.1.23 ДУП за Станбена заедница Буковски ливади, Блок 2 – Општина Битола, (5.00ха)
13.1.24 ДУП за Брусничко Лавчански Реон 1 дел Блок 2 – Општина Битола (3,14 ха)
13.1.25 ДУП за Индустриска зона Блок „Квасара,“ „Шекерана“ и „Пивара“ - Битола,
13.1.26 ДУП за Работна зона м.в. „ХЕРАКЛЕА“ - Општина Битола
13.1.27 ДУП за Блок „Стар Прогрес“ - Општина Битола (1,74 ха)
13.1.28 ДУП за Индустриска зона „Гегов бунар“ Блок 1 - Битола (3.2 ха)
13.1.29 ДУП за Работна зона северно од патот Битола с. Новаци Блок 1 (изменување и дополнување) – Општина Битола (11.5 ха)
13.1.30 ДУП за Работна зона северно од патот Битола с. Новаци Блок 2 – Општина Битола (5,00 ха)
13.1.31 ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково1 - Битола (6,15 ха)
13.1.32 ДУП за Месна заедница Даме Груев Блок 18.1 - Битола,
13.1.33 ДУП за Градска Работна зона Јавор Блок 1 – Општина Битола,
13.1.34 ДУП за Градска Работна зона Јавор Блок 2 – Општина Битола,
13.1.35 ДУП за Урбанистичка единица бр. 5 Блок 2 – Општина Битола,

**13.2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)**

13.2.1 УПВНМ Стопански комплекс м.в. „Калдрма“ (2.0 ха)

13.2.2 УПВНМ за м.в. Плоча – КО Драгожани – Општина Битола (26,0 ха)

13.2.3 УПВНМ за м.в. Мера КО Дихово – Општина Битола (3,9 ха)

**13.3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО**

13.3.1 УП за село ДОЛНО ОРИЗАРИ

13.3.2 УП за село ДИХОВО

13.3.3 УП за село НИЖЕПОЛЕ

**13.4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)**

13.4.1 ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари“ КО Горно Оризари – Општина Битола,

13.4.2 ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 м.в. „Чакал“ КО Нижеполе Општина Битола,

13.4.3 ЛУПД за изградба на објекти со намена А1 на КП Бр. 18052 КО Битола – Општина Битола,

13.4.4 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2, Г3 и Г4 на КП Бр. 788 м.в. „Довлеџик“ КО Битола – Општина Битола,

13.4.5 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 на КП Бр. 96/2 КО Породин – Општина Битола,

13.4.6 ЛУПД за определување на ГП 1 со утврдување на условите за користење на просторот, за вклопување и изградба на комплекс на градби со намена Г2 на кп Бр. 2033/1 КО Цапари вгр. – Општина Битола

13.4.7 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП Бр. 792/1 м.в. Довлеџик КО Битола – Општина Битола,

13.4.8 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2-на КП Бр. 442/1 КО Дихово – Општина Битола,

**13.5. ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

13.5. 1 с. Бистрица,

13.5. 2 с. Кукуречани,

13.5. 3 с. Кажани,

13.5. 4 с. Ротино,

13.5. 5 с. Драгарино

**13.6. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРИОРИТЕТНА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

13.6. 1 ДУП за измена и дополна на Блок 12 од ДУП за АРМ Четврт 2 – Општина Битола

13.6. 2. ДУП за Блок 11, 13, 14, 15,18,20 и 21 од ДУП за АРМ Четврт 2 – Општина Битола

## III . ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 16 од **Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) се врши од средства на:

- За изработување на урбанистички планови со кои се реализираат проекти од значење за Републиката и општините, Владата на Р. Македонија донесува Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови. Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), е финансирана од Буџетот на РМ или од буџетите на општините.
- Буџетот на Општина Битола,
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чииште програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината,
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## IV . РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Во текот на годината, зависно од потребите Годишната Програма може да се менува и дополнува.
- Општина Битола ќе распише јавни повици за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани правни и физички лица во текот на годината согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)
- Реализацијата на Програмата ќе биде со динамика согласно со поднесените иницијативи и приливот на средства, наведени во предходниот дел.
- Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)
- За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Советот на Општина Битола, Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Битола, согласно чл. 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.
- Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола, а во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам;
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.09-100/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за економски развој во Општината Битола за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за економски развој во Општина Битола за 2018 год.

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од претходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2018 година.

Сите проекти кои биле во приоритетната листа во Програмата за 2017 година, а не се завршени во тековната година се составен дел на оваа програма.

### ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА На програмата за економски развој во Општина Битола за 2018 година

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за економски развој во Општина Битола За 2018 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 722315 | Планирани средства од Буџетот на општината (административни такси) | **3.000.000,00** |
| 2 | 725939 | Останати неданочни приходи | **15.024.675,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **18.024.675,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за економски развој во Општина Битола За 2018 година

| Ред. Бр. | шифра | Расходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | **4.456.000,00** |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери | 4.456.000,00 |
| 2 | 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **13.568.675,00** |
| 2.1 | 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на улици и патишта | 4.758.092,00 |
| 2,2 | 482 210 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на мостови | 0,00 |
| 2,3 | 482 310 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на колектори и пречистителни станици | 4.714.908,60 |
| 2.4 | 482 610 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на споменици | 300.000,00 |
| 2.5 | 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за водоснабдување | 768.200,00 |
| 2.6 | 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | 1.600.700,00 |
| 2.7 | 782 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | 1.426.775,00 |
| | | **СЀ ВКУПНО:** | **18.024.675,00** |

Дел од средствата од оваа Програма ќе бидат вложени за изработка на техничка документација на објекти кои се дефинирани со листа на објекти која е дадена како ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2)

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари цо цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сé, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството. Дополнително, во насока на економско јакнење на жените, но и општината во целина, програмата предвидува (4) активности за поддршка на женското претприемништво, насочени кон невработените граѓанки со стекнато високо образование.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат

подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Одделението за економски развој при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2019 г.

Бр.09-100/17
25.12.2017 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

## ПРИЛОГ 1 по ПРОГРАМА ЗА 2018 .

## ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДБА

## ( ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ГЕОДЕТСКИ И ДР. ЕЛАБОРАТИ СОГЛАСНО ЗАКОН)

| Ред. бр. | ЛОКАЦИЈА / УЛИЦА | Подготвување проектина улици и л.патишта, мостови,споменици (482110, 210,610) | Подготвување на проекти за на пречист станици и колектори (482310) | Подготвување на проекти за водоснабдување (482710) | Подготвување на проекти за енергетски капацитети (482810) | Подготвување на проекти за други објекти (482910) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ул. 11-ти ОКТОМВРИ | 40.000,00 | | | | | 40.000,00 |
| 2 | нас СТРЧИН | 200.000,00 | 200.000,00 | 250.000,00 | | | 650.000,00 |
| 3 | КРУЖЕН ТЕК СОКОТАБ | 250.000,00 | 150.000,00 | 100.000,00 | | | 500.000,00 |
| 4 | АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С. ОСТРЕЦ | 176.000,00 | | | | | 176.000,00 |
| 5 | КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО С. ОСТРЕЦ | | 176.000,00 | | | | 176.000,00 |
| 6 | с.ЕГРИ | 81.000,00 | | | | | 81.000,00 |
| 7 | с.БАРЕШАНИ | 180.000,00 | | | | | 180.000,00 |
| 8 | с. МЕЏИТЛИЈА | 185.000,00 | | | | | 185.000,00 |
| 9 | Ул. „Стив Наумов“ | 163.062,00 | 108.708,00 | | | | 271.770,00 |
| 10 | с. БУКОВО | 500.000,00 | 302.000,00 | | | | 802.000,00 |
| 11 | Л.П. Ново Змирново-с. Црнобуки | 50.000,00 | | | | | 50.000,00 |
| 12 | Л.П. Брусник | 450.000,00 | | | | | 450.000,00 |
| 13 | Проекти за рушење на оштетени објекти и постојни објекти | | | | | 50.000,00 | 50.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Проекти за партерно уредување на школски дворови во ОУ и СЦУ | | | | | 550.000,00 | 550.000,00 |
| 15 | Санација и реконструкција на објекти во сопственост на општина Битола | | | | | 626.775,00 | 626.775,00 |
| 16 | Планска документација за проект „Пречистителна станица на општина Битола“ финансиран од ИПА прог на ЕУ) | 1.130.132,00 | 2.400.000,00 | | | | 3.530.132,00 |
| 17 | ул Борис Кидрич-13-ти Јили | 150.000,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | | 477.600,00 |
| 18 | Ул. позади Кеопс-Декорпод | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | | 184.000,00 |
| 19 | ул.Реонски пазар-Михајло Андоновски | 90.000,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | | 226.500,00 |
| 20 | Колектор за фек канализација до с.Лавци и водовод од БТ до граница на ГУП | | 160.000,00 | 33.000,00 | | | 193.000,00 |
| 21 | 35 кв кабел околу Стадион | | | | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 22 | ул. „Ари Ангеловски„ | 30.000,00 | 15.000,00 | 15.000,00 | | | 60.000,00 |
| 23 | Мост на р. Драгор на ул.Довлеџик | 350.000,00 | | | | | 350.000,00 |
| 24 | Собирен канал на површински води во АРМ 2 | | 600.000,00 | | | | 600.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | ул.Сутјеска | 70.000,00 | 34.000,00 | 34.000,00 | | | 138.000,00 |
| 26 | ул. Струшка | 33.000,00 | 16.500,00 | 16.500,00 | | | 66.000,00 |
| 27 | ул.Цане Василев | 66.000,00 | 33.000,00 | 33.000,00 | | | 132.000,00 |
| 28 | ул. 2-ри Август | 42.000,00 | 21.000,00 | 21.000,00 | | | 84.000,00 |
| 29 | ул. Девеани | 42.000,00 | 21.000,00 | 21.000,00 | | | 84.000,00 |
| 30 | ул. Кирил Пејчиновик | 88.000,00 | 44.000,00 | 44.000,00 | | | 176.000,00 |
| 31 | Пошачки мост над железничка пруга спроти ОУ Коле Канински | 300.000,00 | | | | | 300.000,00 |
| 32 | Реконструкција на зграда за противпожарна станица БТ | | | | | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 33 | Пречистителни станица Црвени петли | | 233.000,00 | | | | 233.000,00 |
| 34 | Партерни решенија за споменици | 45.898,00 | | | | | 45.898,00 |
| 35 | Изработка на Програма за енергетска ефикасност | | | | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.758.092,00** | **4.714.908,00** | **768.200,00** | **1.600.700,00** | **1.426.775,00** | **13.268.675,00** |

**ПРИЛОГ 2 по ПРОГРАМА ЗА 2018 .**

**ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И УЧЕСТВО ВО АСОЦИЈАЦИИ**

| Ред Број | Шифра | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | |
| | 464 990 | ДРУГИ ТРАНСФЕРИ | 1.000.000,00 |
| | | Изработка стратегии за локален економски развој, Профил на општината | 600.000,00 |
| | | Работа, активности на ЛЕСС | 300.000,00 |
| | | Членарини во ЛАГ и ЗЕЛС | 806.000,00 |
| | | Работа со Пелагониски регион | 950.000,00 |
| | | Start up бизниси ЗА ЖЕНИ | 800.000,00 |
| | | ВКУПНО: | 4.456.000,0000 |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работата на Комисијата за еднакви можности 2018

1. Ја објавувам Програмата за работата на Комисијата за еднакви можности 2018, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2018

Комисијата за ЕМ и недискриминација во 2018 согласно Стратегијата за родова рамноправност 2016-2018 и Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016/17 ќе работи во следните области со следните активности:

**Воведување на родов пристап во креирање политики**

- Обуки за родова интегрција на вработените и членовите на советот на ОБ
- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот
- Воведување на механизам за следење на родово еднакви резултати

(Дел ќе се обезбедат преку менторската програма наОН Жени
јануари -март)

**Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките – преку прашалник
  (17.000 ден март/мај)

**Родова еднаквост преку образование**

Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта

- Премостување на родовиот јаз во технички науки- серија на предавања
- Соработка со старски дом Сју Рајдер
  (50.000 ден мај)

**Родова еднаквост преку култура**

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март
- Прослава на ден на мајката и ден на таткото
- Поставување на претстави од женски автори
  (50.000 ден март,мај, септември)

**Родова еднаквост преку медиуми**

- Истражувачки стории за нерамноправност
- Обука за новинари за родова еднаквост
  (60.000 ден јуни/јули)

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје –едукација
- Превенција од сексуални болести ХИВ/СИДА- едукација
  (12.000ден септември)

**Родова еднаквост преку спортот**

- Едократна парична награда за женски спортски клубови
- Поддршка на женски фудбалски клубови
  (150.000 ден март )

**Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

- Организирање на јаван кампања за информирање и едукативни работилници за сите форми на насилство и механизми за нивна превенција
- Организирање на посебен тип на обуки за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис
  80.000 ден)

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот (промотивни денови за активните мерки за вработување)
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30)
  (15.000 ден септември/ноември)

**Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 500.000,00 ден. учество на Општина Битола**

Оваа Програма ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

| | |
|---|---|
| Бр.09-100/18 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.12.2017 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Валентин Груевски |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2018 година

1. Ја објавувам Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1083/17 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 28.12.2017 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2018 година

**„Битола, атрактивна туристичка дестинација“**

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р.Грција членка на

ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.),културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општественоит развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки , иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата , „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.**

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект, неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот: давање на информации за сместување, посета на знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др), влезници за настани и манифестации, објекти, продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро (искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење ) или слична атрактивна локација.

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошури
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization – имплементација,
- Мапирање и промовирање на локални знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др)

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и

анимирање на посетители и сл.Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**Имплеменатција: Февруари -Октомври**

**3. Инфраструктурни проекти и инвестиции**

**Опис на активности**

- Проект за ревитализиација на старата чаршија - соработка на Општина Битола Мин.за култура
- Туристичка сигнализација 2 фаза
- Изградба на велосипедски патеки по ДУП.
- Поддршка на иницијативи за уредување и промовирање на нови микро локации за туристички излетишта санирање на постоечки инфо киосци (3)

Дел од наведените проектни активности во делот на инфраструктура се како развојна компонента или фазно започнати во предходниот период , а ќе се реализираат во наредниот развоен приод во зависност од можностите. Дел оод активностите се опфатени со програмите на другите одделенија надлежни за инфраструктура и сообраќај.

**4. Тековни активности на одговорните лица за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др. со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл. во насока на подобрување на условите за работа во обласна на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјекти и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола за 2018 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 725939 | Останати неоданочни приходи | **1.300.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **1.300.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола за 2018 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 424210 | Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото. | **400.000,00** |
| 2 | 425 920 | Промотивни активности | **600.000,00** |
| 3 | 480 (140,190) | Инфраструктурни проекти и инвестиции (мапирање, опрема) | **220.000,00** |
| 4 | 426 (310,410) | Тековни активности на одговорните лица (посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола. | **80.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **1.300.000,00** |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Оваа Програма ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.09-100/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 год.

1. Ја објавувам Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 год., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 60 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08; 52/09; 144/09; 39/10; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; и 166/14), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 год.

Со оваа програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од предходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2018год.

### ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018година

### ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА на СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА Агенција за државни патишта на РМ

| Ред. број | Расходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на улици во зимски период | 10.927.946,40 |
| | **ВКУПНО:** | **10.927.946,40** |

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 година

| Ред. Број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717112 | Надоместоци од комунална такси | 13.400.543,00 |
| 2. | 741113 | Трансфери од буџетот на Агенцијата за државни патишта на РМ | 10.927.946,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **24.328.489,00** |

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

## на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 година

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Реконструкција на улици | |
| | | Одржување на улици во зимски период (трансфер од Агенција за државни патишта) | 10.927.946,00 |
| | | Одржување на улици во зимски период | 3.350.543,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **14.278.489,00** |
| 2. | | Регулирање на режим на сообраќај | |
| | 424320 | Одржување на хоризонтална сигнализација (зебра + подолжна линија) | 5.000.000,00 |
| | 424320 | Одржување на вертикална сигнализација (знаци и патоказни табли) | 1.000.000,00 |
| | 424440 | Одржување и поправка на постоечка светлосна сигнализација-семафори | 700.000,00 |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 3.000.000,00 |
| | 482940 | Надзор над изведбата | 350.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **10.050.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **24.328.489,00** |

Средствата во висина од **10.927.946,00** денари кои се определени од Агенцијата за државни патишта на РМ се распределуваат на начин како што претходно потенциравме.

## 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредуввање на градежното земјиште врши координација во реализација на програмата.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2019 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Оваа Програма ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.09-100/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 год.

1. Ја објавувам Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 год., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/2004; 64/05; 92/07; и 123/12), Советот на Општина Битола, на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## За користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 год.

Со Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 година**

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 58.070.896,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **58.070.896,00** |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 година**

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 421110 | Електрична енергија | 32.000.000,00 |
| 2. | 424440 | Поправки и одржување на опрема | 12.556.785,00 |
| 3. | 424390 | Одржување на улично осветление на други градби | 400.000,00 |
| 4. | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 12.514.111,00 |
| 5. | 482940 | Надзор над изградбата | 600.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **58.070.896,00** |

**Треба да се нагласи дека Програмата е родово сензитивна. Имено, во програмата во ставката Изградба на капацитети во енергетиката се предвидува развој на нова мрежа на осветлување со што ќе се зголеми безбедноста и се одговори на потребите на жените. Со овој предлог во програма се предлага родово одговорен буџет во вкупен износ по оваа ставка од 12.514.111,00 денари.**

Средствата планирани за трошоци за потрошената електрична енергија ќе ги реализира ЕВН „Електро-Битола“ - Битола по утврдени микро реони за вклучување и исклучување на уличното осветлување.

Средствата планирани за трошоци за редовно одржување на инсталациите ќе ги реализираат регистрирани економски оператори избрани по пат на јавен повик.

Надзор во редовното одржување на инсталациите и проверка на доставените извештаи и фактури за наплата на извршените работи ќе врши Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Расходите за изградба и одржување на електрични с-ми ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

За спроведување на оваа Програма по однос на Динамиката и наменското користење на средствата ќе се грижи Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола и Комисијата за јавни и комунални дејности.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањетоа а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2019 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола “

Бр.09-100/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2018 год.

1. Ја објавувам Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2018 год., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ“ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16,142/16;190/16), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2018 год.

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален план и детални урбанистички планови за Општина Битола.

Со Програмата особено се утврдуваат:

- Подрачјата на кои ќе се врши уредување на градежното земјиште;
- Обемот на уредувањето и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
- Извори на финансирање на уредувањето;
- Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиштето;
- Начин на здружување и насочување на средствата за уредување;
- Динамика и мерки за извршување на Програмата.

И покрај тоа што се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште со оваа Програма, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создаваат услови за нивна ургентна реализација во текот на 2018 год.

### ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО

Во 2018 год. уредувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2018 год. и наредните години.

Поблиските податоци за подрачјата на кои ќе се врши уредувањето на градежното земјиште се дадени во поглавјето “Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации.“

### ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕТО

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.Гласник на Општина Битола“ бр.09/13 и 01/14, и „Службен Весник на РМ“ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15;)

# ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА за 2018 год.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА за утврдување на градежното земјиште на Општина Битола

| ред. бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 76.928.087,00 |
| 2 | 713311 | Данок на промет на недвижности | 59.000.000,00 |
| 3 | 741115 | Дотации од ДДВ | 40.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **175.928.087,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2018год

| Ред. бр. | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 482120 | Изградба на улици | 48.163.389,00 |
| 2 | 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 4.289.146,00 |
| 3 | 482200 | Изградба на мостови | 0,00 |
| 4 | 482320 | Изградба на пречистителни станици и колекторски системи | 24.548.841,00 |
| 5 | 482820 | Изградба на капацитети за енергетиката | 3.450.000,00 |
| 6 | 482920 | Изградба на други објекти | 0,00 |
| 7 | 482940 | Надзор над изградбата | 1.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО I:** | **81.451.376,00** |
| 8 | | | |
| | 482130 | Реконструкција на улици | 45.109.300,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на улици | 1.000.000,00 |
| | 482430 | Реконструкција на депонија за отпад | 0,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **46.109.300,00** |
| 9. | | | |
| | 482730 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 12.324.562,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на капацитети за водоснабдување | 300.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **12.624.562,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | | | |
| | 482330 | Реконструкција на канализациони-колекторски системи | 20.442.849,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на канализациони-колекторски системи | 300.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **20.742.849,00** |
| 11. | | | |
| | 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 2.700.000,00 |
| | 482840 | Надзор врз изведба на реконструкција на капацитети во енергетиката | 100.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **2.800.000,00** |
| 12. | | | |
| | 482930 | Реконструкција на други објекти | 11.900.000,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на други објекти | 300.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **12.200.000,00** |
| | | **ВКУПНО II:** | **94.476.711,00** |
| | | **ВКУПНО I + II:** | **175.928.087,00** |

**Треба да се нагласи дека Програмата е родово сензитивна. Имено, во Програмата во ставките Изградба на улици и Реконструкција на улици е предвидена изградба и реконструкција на улици заедно со тротоари за да се одговори на потребите и на мажите и на жените. Со овој предлог во програма се предлага родово одговорен буџет во вкупен износ по овие ставки од 52.452.535,00 денари.**

## А. ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### А1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БЛР1 (над каналот)**
  - **изградба на две станбени згради со катност П+4**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР.4**
  - **изградба на црква со катност П**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР.8**
  - **Изградба на пристапна улица до објект**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА “ДАМЕ ГРУЕВ” НА АГОЛОТ ОД ул.”ЖЕЛЕЗНИЧКА” И Р. ДРАГОР КАЈ НОВИОТ МОСТ**
  - **изградба на станбени згради П+4 и П+1**
- **ДУП “АРМ ЧЕТВРТ 1, - БИТОЛА**
  - **изградба на 2 станбени згради**

### А2. ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

- **БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3;4 ДЕЛ И БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1 И 2**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ГОРНО ОРИЗАРИ 2 ;**

  **СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА УШИЦИ 1 ДЕЛ**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**
- **ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**
  - **доградби и надградби**
  - **реконструкција на станбени згради**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА НАС. ДОВЛЕЏИК (кај кампингот)**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**
- **МЕСНАНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ„, УРБАН БЛОК 18**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**
- **ДУП “ АРМ ЧЕТВРТ 2 ” - БИТОЛА**
  - **изградба на индивидуални станбени згради**

**А3. ИЗГРАДБА НА ИНДИВИДУАЛНИ ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ**

- **БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3 ДЕЛ ; Г.ОРИЗАРИ 2 И ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ**
  - **изградба на индивидуални деловни простории од П и П+1**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА “СТРЧИН”**
  - **изградба на приземни деловни објекти**
- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ИНДУСТРИСКА ЗОНА (Гоце Радосављевиќ)**
  - **изградба на деловни објекти (услужни сервиси) приземни**
- **ДУП ЗА ДЕЛ ОД РАБ. ЗОНА СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА-НОВАЦИ**
  - **изградба на деловни објекти (услужни сервиси)**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ДОВЛЕЏИК НАД БЕНЗИСКАТА ПУМПА**
  - **изградба на деловни објекти**
- **ДУП ЗА УШИЦИ БЛОК 5 БИТОЛА**
  - **изградба на деловни објекти**
- **ДУП “АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3” - БИТОЛА**
  - **изградба на деловни објекти**

**А4. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ**

- **ИЗГРАДБА НА БЕНЗИСКИ ПУМПИ**
  - **на локации одредени со ГУП и ДУП**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПО СЕЛСКИ НАСЕЛБИ КАДЕ ИМА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА**
- **ДУП “АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3” – БИТОЛА (бензиска пумпа, катни гаражи, енергетски објекти и инфраструктурни објекти)**

**А5. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

**А6 ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ КОПЛЕКС „ЖАБЕНИ“**

## ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма и тоа со основни и секундарни инфраструктурни објекти

### 1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА

#### 1.1. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 5

- изградба на улична мрежа

**м² 4000,00 x 2.200,00 = 8.800.000,00**

**Вкупно: = 8.800.000,00**

#### 1.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ"

❖ **ЗА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО "ЈЕНИ МААЛЕ"**

- изградба на улична мрежа

**м² 1000.00 x 2.200,00 = 2.200.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 1.000.000,00**

**Вкупно: = 3.200.000,00**

#### 1.3. ДУП "АРМ ЧЕТВРТ 1" – БИТОЛА

- изградба на сервисни улици

**м² = 48.792.900,00**

- изградба на атмосверска канализација за сервисни улици

**м´ x = 4.298.600,00**

- изградба на водовод

**м´ x = 2.435.000,00**

- изградба на дел од отворен канал

**м´ x = 3.000.000,00**

- изградба на улично осветлување

**м´ x = 4.815.600,00**

**Вкупно: = 63.342.100,00**

**1.4. 1.4 ДУП "ИНДУСТРИСКИ БЛОК ЈУГ" – БИТОЛА**

- изградба на коловозна конструкција

**м² 3000,00 x 2.200,00 = 6.600.000,00**

**= 6.600.000,00**

**2. ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА**

**2.1. ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО БЛР 1;2;3;4 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на канализациона мрежа по патот за с.Лавци

**м΄ x = 10.260.000,00**

- изградба на коловоз 1ва фаза ул.Ѓорѓи Димитров

**м΄ 166,00 = 3.000.000,00**

- изградба на фекална и атмосверска канализ.на ул.Ѓорѓи Димитров

**м΄ 178x2=356,00 x = 2.836.000,00**

- изградба на водоводна мрежа на ул.Ѓорѓи Димитров

**м΄ 100,00 x = 334.700,00**

- изградба на улично осветлување на ул.Ѓорѓи Димитров

**= 2.268.000,00**

**Вкупно: = 18.698.700,00**

❖ **ИЗГРАДБА НА ОБОДЕН КАНАЛ И ОФОРМУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКО КОРИТО**

**= 1.000.000,00**

**2.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА – ГОРНО ОРИЗАРИ 2 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА**

- изградба на улична мрежа

**м² 3500,00 x 3.000,00 = 1.000.000,00**

- изградба на фекална канализација

**м΄ 500,00 x 4.000,00 = 2.000.000,00**

- изградба на атмосферска канализација

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **500,00** | **x** | **4.000,00** | **=** | **2.000.000,00** |

- изградба на водовод

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **500,00** | **x** | **3.000,00** | **=** | **1.500.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **6.500.000,00** |

**2.3. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА - УШИЦИ 1 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на улици (коловоз асфалт)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м²** | **2500,00** | **x** | **2.000,00** | **=** | **5.000.000,00** |
| | **Улично осветлување** | | | **=** | **372.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **5.372.000,00** |

**2.4. ДУП " АРМ ЧЕТВРТ 2" – БИТОЛА**

- изградба на коловоз СТУ 9; 10;

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | | **x** | | **=** | **11.300.000,00** |

- изградба на улично осветлување СТУ 9; 10;

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | | **x** | | **=** | **1.130.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **12.430.000,00** |

**2.5. ПОСТОЕН ДЕЛ НА ГРАДОТ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на коловоз за ул.Леринска

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **141,00** | **x** | | **=** | **2.500.000,00** |

- изградба на водовод

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **300,00** | **x** | **3.000,00** | **=** | **900.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **3.400.000,00** |

**2.6. БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1;2;3 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на улици

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м²** | **1000,00** | **x** | **2.200,00** | **=** | **2.200.000,00** |

- изградба на канализација

**м´ 200,00 х 4.700,00 = 940.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 200,00 х 3.000,00 = 600.000,00**

**Вкупно: = 3.740.000,00**

**2.1. ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНО-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

❖ **ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА СТРЧИН**

- изградба на улична мрежа

**м² 1000,00 х 2.200,00 = 2.200.000,00**

- изградба на фекална канализација

**м´ 200,00 х 4.000,00 = 800.000,00**

- изградба на атмосферска канализација

**м´ 200,00 х 4.000,00 = 800.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 200,00 х 3.000,00 = 600.000,00**

- изградба на улично осветлување

**= 500.000,00**

**Вкупно: = 4.900.000,00**

❖ **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА - НОВАЦИ**

- изградба на коловоз на дел од ул.Димитар Робев крак од ул.М.Апостолски

**м´ 146,00 х = 8.820.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 1.000.000,00**

**Вкупно: = 9.820.000,00**

❖ **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА ПАТОТ БИТОЛА – ГРЧКА ГРАНИЦА – МАЛО СТОПАНСТВО с.КРАВАРИ**

- изградба на фекална канализација

**м´ 800,00 х 4.000,00 = 3.200.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 1.000,00 x 3.000,00 = 3.000.000,00**

**Вкупно: = 6.200.000,00**

❖ **ИЗГРАДБА НА КРУЖЕН ТЕК НА ул. ВЛАДИМИР НАЗОР – КАЈ ЛОЗАР**

- изградба на улична мрежа

**м² 8.000,00 x 2.200,00 = 17.600.000,00**

- изградба на атмосферска канализација

**м´ 400,00 x 4.000,00 = 1.600.000,00**

**Вкупно: = 19.200.000,00**

❖ **УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА Р. ДРАГОР–ТРОТОАРИТЕ И УЛИЦАТА**

- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

❖ **ДОВРШУВАЊЕ НА УЛИЦА “ЖЕЛЕЗНИЧКА” ЗАЕДНО СО ТРОТОАРИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ**

- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

**2.7. ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО ГУП**

- изградба на улици

**м² 1500,00 x 2.200,00 = 3.300.000,00**

- изградба на канализација

**м´ 250,00 x 4.700,00 = 1.175.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 250,00 x 3.000,00 = 750.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 500.000,00**

**Вкупно: = 5.725.000,00**

**2.8. ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО УП во населено место-рурални средини**

- изградба на коловоз с.Долно Оризари

**м² x = 5.000.000,00**

- изградба на канализација с.Долно Оризари

**м´ x = 2.500.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 1.000,00 x 3.000,00 = 3.000.000,00**

- изградба на улично осветление

= **500.000,00**

**Вкупно:** = **11.000.000,00**

**2.9. ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЖАБЕНИ**

- изградба на коловози

= **3.703.000,00**

**Вкупно:** = **3.703.000,00**

Кога би се реализаирала Програмата во целост во 2018 г. би се извела следната инфраструктура:

| ред.бр. | Степен на опременост - изведба | | | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Улици - коловози | м$^2$ | | 121.112.900,00 |
| 2 | Фекална канализација | м´ | | 17.575.000,00 |
| 3 | Атмосферска канализација | м´ | | 15.734.600,00 |
| 4 | Водоводна инсталација | м´ | | 9.519.700,00 |
| 5 | Улично осветлување | | | 11.585.600,00 |
| | | | **Вкупно:** | **175.527.800,00** |

## ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Пресметката на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште се утврдува согласно **Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост во Општина Битола** („Сл.Весник наРМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16)

Обемот и степенот на уредување и опремување на градежното земјиште со примарни и секундарни инфраструктурни објекти преставува:

1. Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти во кои спаѓаат:

- основни градски сообраќајници (магистрални и примарни)
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и други водоснабдителни објекти
- колектори на одвод на фекална и атмосферска вода и пречистителни станици
- Наведените работи учествуваат со 15 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

2. Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти до парцела во кои спаѓаат:

- Експропријација 10%
- Изработка на долен строј на улица 16%
- Изработка на горен строј18%
- Изградба на фекална канализација 15%
- Изградба на атмосферска канализација 10 %
- Изградба на водоводна мрежа 13%
- Поставување на улично осветлување 3%

Наведените работи преставуваат 85 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Упросечениот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1 м² изградена корисна површина со почетен (базен) износ за месец Јануари 2018 год. се утврдува како следува:

**1. ГРАДСКИ РЕОН**

Колективна и индивидуална станбена изградба

- Екстра зона … .... 2.900,00 ден.
- I ва зона …………2.550,00 ден.
- II ра зона …..……..2.290,00 ден.
- III та зона ……….2.040,00 ден.

Деловен простор

- Екстра зона……4.690,00 ден.
- I ва зона …………4.200,00 ден.
- II ра зона …..…….3.780,00 ден.
- III та зона ……….3.400,00 ден.

- Објектите во чл.8 став 1 под точка 4 (објекти од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси), под точка 6 (објекти од група на класи намени Б5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом), под точка 7 (детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица) и под точка 9 (објекти за култура) и под точка 10 (објекти за терцијална здравствена заштита), во *Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредеността* се пресметуваат на основица од 7.000,00 ден.
- Сите објекти во „Индустриската зона Жабени“ Битола ќе се пресметуваат со коефициенти согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредеността од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 3150,00ден/м²
- За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенскиот столб, висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 15% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во II-ра зона деловни објекти.
- Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, што претставува нето изградена површина т.е. 80% од бруто површината, за сите нови објекти што ќе се грададат на нови неизградени парцели согласно важечката урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Битола изнесува:
  - за нето изградена површина до 30% од вкупната предвидена површина истата ќе се множи со коефициент 1,5
  - за нето изградена површина над 30% од вкупната предвидена површина се зема реалната површина

**Член 2**

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште од член 1 важи и за сите инвеститори кои ќе поднесат барање за измена на Одобрение за градење со Дополнување на основен проект.

Доколку со дополнување на Основниот проект се зголеми нето развиената површина на објектот, а со тоа објектот влезе со изграденоста во делот во која надоместот за уредување на градежното земјиште е помал, тогаш целиот објект се пресметува со помалата висина на надоместот и со дел од надоместот се покриваат новоизградените површини на објектот.

**Член 3**

На подрачје на Општина Битола каде нема изградена инфраструктура и истата е во фаза на изградба, составен дел од Пресметката за надоместокот за уредување на градежното земјиште како и од Договорот за уредување на градежното земјиште ќе биде и пресметаниот надоместок за изведување на приклучоците кон главната водоводна и канализациона мрежа.

**Член 4**

Надзор и давањето на потврда за степенот на опремувањето и обемот на уредувањето го врши Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола согласно чл.22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02); Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16) и *Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденосте* и „Сл. Весник наРМ“ (бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16 и 190/16).

**2. ПРИГРАДСКИ РЕОН**

За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште.

Во приградски реон влегуваат сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина Битола за кои постои урбанистичка документација (Општ акт или Урбанистички план за населено и вон населено место или Детален урбанистички план).

Висината на надоместокот за уредување и опремување на градежното земјиште согласно моменталната состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште во селските населби по 1м² изградена корисна површина, а како почетен износ за месец Јануари 2018 година е следен:

Висината на трошоците за постојна претходно изградена локална патна мрежа и улично осветлување изнесуваат 15 % од 3-та зона.:

| Станбена **2.040,00** ден | Деловен **3.400,00** ден |
|---|---|
| **300,00** ден. | **510,00** ден. |

Висината на трошоците за постојна претходно изградена локална патна мрежа, улично осветлување и водоводна мрежа која е одржувана од ЈП „Водовод “ Битола изнесуваат 17 % од :

| Станбена **2.040,00** ден | Деловен **3.400,00** ден |
|---|---|
| **350,00** ден. | **580,00** ден |

Висината на трошоците за постојна претходно изградена локална патна мрежа, улично осветлување, водоводна мрежа која е одржувана од ЈП „Водовод “ Битола и канализациона мрежа која е одржувана од КЈП„Нискоградба“ Битола изнесуваат 19% од

| Станбена **2.040,00** ден | Деловен **3.400,00** ден |
|---|---|
| **390,00** ден. | **650,00** ден |

**НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Здружувањето на средствата за уредување на градежното земјиште за реализација на оваа Програма се врши согласно чл.6 од Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр.03/94) ; согласно чл.1 од Одлуката за измени и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола ( „Сл. Гласник на Општина Битола“ бр.16/06) и *Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденосте* и „Сл.Весник наРМ“ (бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16) .

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќефазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната промена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

Расходите за изградба и реконструкција на улици, канализација-колекторскиот систем, капацитетите во водоснабдувањето и капацитети во енергетиката ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листата за приоритетни објекти ја утврдува Советот на Општина Битола и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите од приоритетната листа согласно чл.22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. 130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16).

За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (со процесот на децентрализацијата) е изготвен преглед на позиции кои се опфатени со оваа Програма и истите се дадени во ПРИЛОГ 2.

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина Битола заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина Битола, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Битола, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии, Јавните комунални претпријатија, и Инвеститорите треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Битола.

Бр.09-100/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# ПРИЛОГ 1
# АКТИВНОСТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДСКИ НАСЕЛБИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА за 2018 год.

| Ред Бр. | УЛИЦИ | опис | водовод m | водовод сума (ден) | Опис | канализација m | канализација сума (ден) | опис | коловоз сума(ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Улици за кои има изготвена проектна документација** | | | | | | | | | | |
| 1 | Булевар 1-ви Мај од Столарска до железниот мост | водовод | / | 373.287,00 | Канализација | / | 2.417.812,00 | коловоз | 2.634.299,00 | 5.425.398,00 |
| 2 | Климент Охридски (од Партизанска до Солунска) | водовод | / | 1.884.562,00 | Канализација | / | 3.250.932,00 | коловоз | 4.817.300,00 | 9.952.794,00 |
| 3 | Широка | водовод | / | / | Канализација | / | / | коловоз | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 4 | СТУ9 и СТУ10 во АРМ2 | водовод | | | Канализација | | | коловоз | 11.300.000,00 | 11.300.000,00 |
| 5 | Ѓорѓи Димитров | водовод | | 334.651,00 | Канализација | | 2.835.538,00 | коловоз | 2.970.502 | 6.140.691,00 |
| 6 | Сервисни улици во АРМ1 | водовод | | 1.520.464,00 | канализација | | 4.298.546,00 | коловоз | 48.792.887,00 | 54.611.897,00 |
| 7 | **ВКУПНО I:** | | | **4.112.964,00** | | | **12.802.828,00** | | **75.514.988,00** | **92.430.780,00** |
| | | | | | | | | | | |

**II. Улици за кои е извршена нарачка за изготвување на проектна документација**

| Ред Бр. | УЛИЦИ | опис | водовод m | водовод сума (ден) | опис | канализација m | канализација сума (ден) | опис | коловоз сума(ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тошо Даскалот | водовод | 300m | 2.120.000,00 | канализација | 390m | 4.168.922,00 | коловоз | 5.600.000,00 | 11.888.922,00 |
| 2 | Ари Ангеловски | водовод | 200m | 2.000.000,00 | канализација | 173m | 2.536.709,00 | коловоз | 2.310.000,00 | 6.846.709,00 |
| 3 | Кирил Пејчиновиќ | водовод | 290m | 2.020.000,00 | канализација | 290m | 2.538.792,00 | коловоз | 6.360.000,00 | 10.918.792,00 |
| 4 | Сутјеска | водовод | 315m | 1.800.000,00 | канализација | 430m | 2.857.716,00 | коловоз | 3.780.000,00 | 8.437.716,00 |
| 5 | Цане Василев | водовод | 400m | 2.500.000,00 | канализација | 270m | 2.219.778,00 | коловоз | 3.752.000,00 | 8.471.778,00 |
| 6 | Драгорска | водовод | / | 3.004.465,00 | канализација | / | 3.133.763,00 | коловоз | 2.942.347,00 | 9.080.575,00 |
| 7 | Даме Груев - Мал Париз | водовод | / | / | канализација | / | 1.700.000,00 | коловоз | 13.000.000,00 | 14.700.000,00 |
| 8 | Партизанска од В. Карангелевски до Булевар Социјалистичка | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 9.034.974,00 | 9.034.974,00 |
| 9 | Димитар Влахов | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 8.592.448,00 | 8.592.448,00 |
| 10 | Мукос | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| 11 | 11-ти Октомври | водовод | / | / | канализација | / | 1.500.000,00 | коцка | 1.400.000,00 | 2.900.000,00 |
| 12 | Ванчо Јаневски | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 3.300.000,00 | 3.300.000,00 |
| 13 | 22-ра | водовод | | 746.842,00 | канализација | | 1.100.000,00 | коловоз | 1.920.000,00 | 3.766.842,00 |
| 14 | 31-ва | водовод | 120 | 800.000,00 | канализација | | 550.000,00 | коловоз | 1.600.000,00 | 2.950.000,00 |
| 15 | 2-ри Август | водовод | 155м | 2.550.000,00 | канализација | | 700.000,00 | коловоз | 1.800.000,00 | 5.050.000,00 |
| 16 | 16-та | водовод | 410 | | канализација | | 3.000.000,00 | коловоз | 5.000.000,00 | 8.000.000,00 |
| 17 | Охридска | водовод | | 400.000,00 | канализација | | | коловоз | | 400.000,00 |
| 18 | Стив Наумов (од Климент Охридски до Пецо Божиновски) | водовод | | 12.060.000,00 | канализација | | | коловоз | 26.798.347,00 | 38.858.347,00 |
| 19 | Неготинска | водовод | 200 | 2.000.000,00 | канализација | / | / | коловоз | 1.900.000,00 | 3.900.000,00 |
| 20 | Панде Кајзерот | водовод | | | канализација | | | коловоз | 7.250.000,00 | 7.250.000,00 |
| 21 | 7-ми Јули | водовод | | 1.000.000,00 | канализација | / | / | коловоз | 1.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 22 | Стрмашево | водовод | | 1.135.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.135.000,00 |
| 23 | Козјак | водовод | | 1.457.097,00 | канализација | | 1.967.352,00 | коловоз | | 3.424.449,00 |
| 24 | Зборска | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| 25 | 10-та | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| 26 | 11-та | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| | **ВКУПНО II:** | | | **35.593.404,00** | | | **27.973.032,00** | | **114.340.116,00** | **177.906.552,00** |

**III. Улици за кои нема проектна документација**

| Ред Бр. | УЛИЦИ | опис | водовод m | водовод сума (ден) | опис | канализација m | канализација сума (ден) | опис | коловоз сума(ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 11-ти Март и Панде Николов | водовод | 70 | 322.303,00 | канализација | 140 | 1.157.955,00 | коловоз | | 1.480.258,00 |
| 2 | Козара | водовод | 150 | 3.650.000,00 | канализација | 230 | 1.100.000,00 | | 3.450.000,00 | 8.200.000,00 |
| 3 | Јорго Османо | водовод | 110 | 1.100.000,00 | канализација | | 950.000,00 | коловоз | 1.400.000,00 | 3.450.000,00 |
| 4 | 11-та | водовод | 160 | 1.400.000,00 | канализација | 144 | 883.190,00 | коловоз | 1.800.000,00 | 4.083.190,00 |
| 5 | 5-та | водовод | 370 | 3.700.000,00 | канализација | / | / | коловоз | 1.500.000,00 | 5.200.000,00 |
| 6 | нас. Г.Оризари | водовод | / | / | канализација | | 6.000.000,00 | коловоз | | 6.000.000,00 |
| 7 | крак на ул. Индустриска | водовод | / | / | канализација | | 1.200.000,00 | коловоз | 1.800.000,00 | 3.000.000,00 |
| 8 | 21-ва | водовод | 280 | 2.800.000,00 | канализација | 25 | 100.000,00 | коловоз | 170.000,00 | 3.070.000,00 |
| 9 | 25-та | водовод | 320 | 2.302.586,00 | канализација | | / | коловоз | 2.400.000,00 | 4.702.586,00 |
| 10 | 27-ма | водовод | 140 | 380.328,00 | канализација | | / | коловоз | 1.200.000,00 | 1.580.328,00 |
| 11 | 29-та | водовод | 140 | 968.545,00 | канализација | | / | коловоз | 1.200.000,00 | 2.168.545,00 |
| 12 | Орде Чопела | водовод | 50 | 500.000,00 | канализација | / | / | коловоз | 2.200.000,00 | 2.700.000,00 |
| 13 | нас. Буковски ливади | водовод | / | / | атмосверска канализација | | 4.279.921,00 | коловоз | / | 4.279.921,00 |
| 14 | Митре Врчковски | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| 15 | Стерјо Ѓоргиев Џоџа | водовод | 155м | 200.000,00 | канализација | | | коловоз | 4.000.000,00 | 4.200.000,00 |
| 16 | Романија | водовод | 220м | 2.750.000,00 | канализација | 245м | 2.349.085,00 | коловоз | 3.231.913,00 | 8.330.998,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Цане Бујуковски | водовод | / | / | канализација | | ? | коловоз | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| 18 | Стрчин | водовод | / | 2.000.000,00 | канализација | | 1.000.000,00 | коловоз | 4.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| 19 | Студентска | водовод | / | / | ат. канализа. | 130 | 776.204,00 | коловоз | 2.507.668,00 | 3.283.872,00 |
| 20 | Довлеџик кај храмот Архангел | водовод | ??????? | | канализација | | ? | коловоз | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 |
| 21 | Браќа Џаферови | водовод | | | канализација | | | коловоз | 830.260,00 | 830.260,00 |
| 22 | Македонска | водовод | | | канализација | | | коловоз | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 23 | 101-ва | водовод | | | канализација | | | коловоз | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 24 | од 13 јули до 21-ва | водовод | | | канализација | | | коловоз | 1.370.879,00 | 1.370.879,00 |
| 25 | Борис Бастерот | водовод | | 2.040.272,00 | канализација | | | коловоз | | 2.040.272,00 |
| 26 | Борис Кидриќ | водовод | | | решетка кај х.Битола | | 170.000,00 | коловоз | | 170.000,00 |
| 27 | Браќа Џаферови | водовод | | | канализација | | | коловоз | 830.260,00 | 830.260,00 |
| 28 | Булевар 1-ви Мај сточен пазар | водовод | | 1.996.461,00 | канализација | | 800.000,00 | коловоз | 1.500.000,00 | 4.296.461,00 |
| 29 | Битолатекс до Фрижидери | водовод | | | канализација | | 7.000.000,00 | коловоз | 5.040.000,00 | 12.040.000,00 |
| 30 | Бегова чешма | водовод | | 423.000,00 | канализација | | | коловоз | | 423.000,00 |
| 31 | Брегалничка | водовод | | 1.200.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.200.000,00 |
| 32 | Белградска | водовод | | 2.825.636,00 | канализација | | | коловоз | | 2.825.636,00 |
| 33 | Борис Стрезов | водовод | | 1.500.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.500.000,00 |
| 34 | 2-ра | водовод | | 1.324.453,00 | канализација | | | коловоз | | 1.324.453,00 |
| 35 | Гаврило Принцип | водовод | | 1.575.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.575.000,00 |
| 36 | Ѓорги Ѓоргиев | водовод | | 1.000.000,00 | канализација | | 1.245.895,00 | коловоз | 1.000.000,00 | 3.245.895,00 |
| 37 | Димитар Тодоровски | водовод | | | канализација | | | коловоз | 992.002,00 | 992.002,00 |
| 38 | 12-та | водовод | | 1.300.000,00 | канализација | | 1.350.000,00 | коловоз | | 2.650.000,00 |
| 39 | Ѓорги Наумов | водовод | | 132.347,00 | канализација | | 27.066.578,00 | коловоз | 2.029.214,00 | 29.228.139,00 |
| 40 | Индустриска од Прогрес до Жито Битола | водовод | | | канализација | | 1.200.000,00 | коловоз | 5.760.000,00 | 6.960.000,00 |
| 41 | Иво Џаковски | водовод | | 1.500.000,00 | канализација | | | коловоз | 1.000.000,00 | 2.500.000,00 |
| 42 | ЈНА | водовод | | 1.963.392,00 | канализација | | | коловоз | | 1.963.392,00 |
| 43 | Јосиф Јосифовски | водовод | | 200.000,00 | канализација | | | коловоз | | 200.000,00 |
| 44 | Јорго Костовски | водовод | | 185.000,00 | канализација | | 169.000,00 | коловоз | | 354.000,00 |
| 45 | Јоргов Камен | водовод | | 830.000,00 | канализација | | | коловоз | | 830.000,00 |
| 47 | Кичево | водовод | | 1.900.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.900.000,00 |
| 48 | Кленовец | водовод | | | канализација | | | коловоз | 437.166,00 | 437.166,00 |
| 49 | Коста Абрашевиќ | водовод | | 2.960.000,00 | канализација | | | коловоз | | 2.960.000,00 |
| 50 | Комплекс Мало Стопанство Довлеџик | водовод | | | канализација | | 4.456.956,00 | коловоз | | 4.456.956,00 |
| 51 | Лазо Трповски | водовод | | 860.000,00 | канализација | | | коловоз | | 860.000,00 |
| 52 | Лавчански пат | водовод | | | канализација | | 987.563,00 | коловоз | | 987.563,00 |
| 53 | Леринска | водовод | | | канализација | | | коловоз | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| 54 | Лилјана Чаловска | водовод | | 975.347,00 | канализација | | 1.063.578,00 | коловоз | 2.462.085,00 | 4.501.010,00 |
| 55 | Мариовска | водовод | | 516.769,50 | канализација | | | коловоз | | 516.769,50 |
| 56 | Маркс и Енгелс | водовод | | 1.625.000,00 | канализација | | | коловоз | 1.950.000,00 | 3.575.000,00 |
| 57 | Мирче Ацев (од СОК до Илинденска) | водовод | | | канализација | | 323.496,00 | коловоз | 2.336.636,00 | 2.660.132,00 |
| 58 | Крак од Мирче Ацев наспроти СОК | водовод | | | канализација | | | коловоз | | 0,00 |
| 59 | Младински Бригади | водовод | | | канализација | | | коловоз | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 60 | Овчи пазар | водовод | | | канализација | | | коловоз | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 61 | Пере Тошев | водовод | | 980.000,00 | канализација | | | коловоз | | 980.000,00 |
| 62 | Пробиштип | водовод | | 995.000,00 | канализација | | | коловоз | | 995.000,00 |
| 63 | Паца Ванчова | водовод | | 1.780.000,00 | канализација | | | коловоз | | 1.780.000,00 |
| 64 | Риечка | водовод | | | канализација | | | коловоз | 2.780.000,00 | 2.780.000,00 |
| 65 | Скоевска | водовод | | 310.000,00 | канализација | | | коловоз | | 310.000,00 |
| 66 | 3-та | водовод | | 1.262.006,00 | канализација | | | коловоз | | 1.262.006,00 |
| 67 | Титовелешка | водовод | | 800.000,00 | канализација | | | коловоз | | 800.000,00 |
| 68 | Титово Ужице | водовод | | 1.066.411,50 | канализација | | | коловоз | | 1.066.411,50 |
| 69 | 13-та | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| 70 | Штипска од Гоце Делчев до Димо Хаџи Димов | водовод | | 660.000,00 | канализација | | | коловоз | | 660.000,00 |
| 71 | Еколошки едукативен центар | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| 72 | Борка Талев од Мирче Ацев до Димитар Влахов | водовод | | | канализација | | | коловоз | | |
| | **ВКУПНО III:** | | | **58.759.857,00** | | | **65.629.421,00** | | **76.378.083,00** | **200.767.361,00** |
| | **ВКУПНО I+II+III:** | | | **98.466.225,00** | | | **106.405.281,00** | | **266.233.187,00** | **471.104.693,00** |

## ПРИЛОГ 2
## АКТИВНОСТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РУРАЛНИ НАСЕЛБИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА за 2018 год.

| Ред. Бр. | СЕЛО | опис | водовод м’ | водовод сума (ден) | опис | канализација м’ | канализација сума (ден) | опис | коловоз $м^2$ | коловоз сума(ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Егри | | | | | | | коловоз | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| 2 | Меџитлија | | | | | | | коловоз | | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 3 | Барешани | | | | | | | коловоз | | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| 4 | Острец | | | | | | | коловоз | | 700.000,00 | 700.000,00 |
| 5 | Долно Оризари | | | | | канализација | 2.500.000,00 | коловоз | | 5.000.000,00 | 7.500.000,00 |
| 6 | Драгарино | | | | | | | коловоз | | 1.400.000,00 | 1.400.000,00 |
| 7 | Раштани | | | | | | | коловоз | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | | | | | | | | | **14.100.000,00** | **16.600.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост

1. Го објавувам Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ„ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16 и 142/16;190/16), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ„ бр.193/2016) и врз основа на член 22 точка 26 од Статутот на Општина Битола („Сл.гласник на Општина Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СТЕПЕНОТ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Член 1

Со овој правилник се пропишува степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

#### Член 2

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и

може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став 2. на овој член како и:

- ПТТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа,
- топлификациона мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) ,
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа

### Член 3

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласнот со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл.2, на овој правилник, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл.2 на овој правилник, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во чл.2 став (3) од овој правилник, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл.2 на овој правилник, можат да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во чл.2 став (4) од овој правилник, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

### Член 4

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект (пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од приклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетската согласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат сопственост на инвеститорот паѓаат на негов товар.

### Член 5

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура во градски реон на Општина Битола опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација

## II УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 6**

Просечниот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1м$^2$ изградена корисна површина на објект во градскиот реон се утврдува во зависност од висината на градежната цена по 1м$^2$ станбен односно деловен простор, намена на објектот (станбен-деловен), локалитет на кој се гради објектот (зона) и вид на објектот (колективна или индивидуална станбена зграда).

Појдовна големина во пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со програмата за уредување на градежното земјиште (во натамошниот текст програма), а на истата во текот на годината ќе се врши индексација според движењето на цените на индустриските производи и порастот на платите на Републиката што ги објавува Републичкиот завод за статистика, при што за месеците за кои не е објавен ќе се применува како претпоставен последниот објавен индекс во однос на предходниот месец.

Индексацијата во смисла на претходниот став на овој член ќе ја пресметува субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

**Член 7**

При пресметување на приходите, во програмата ќе се зема просечниот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште помножен со нето изградена површина согласно утврдените стандарди, при што односот нето површина ќе претставува 80% од бруто површината на објектите што ќе се градат.

**Член 8**

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно членот 5 на овој правилник, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и дополнување на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| **1. СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - станбени простории | **1,0** |
| - станбени простории со висина до 2,50м, и назидок на основна к-ција до 1,5м | **0,2** |
| - станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор и наклон од 60º од еркери на кровот – кровен венец | **0,5** |
| - станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор и назидок на основна к-ција до 2,0м – кровен венец | **0,5** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,4** |
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,3** |
| - балкони, тераси | **0,2** |
| - заеднички проодни тераси, пасажи, | **0,2** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | **0,3** |
| - трафостаници до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,3** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,3** |
| - стражарници, управител, простории за домар | **0,5** |

| | |
|---|---|
| - паркиралишта и гаражи со рампи во габарит на објект | **0,1** |
| - станбени простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,5** |
| - галерии со висина помала од 2,5м | **0,8** |

| **2. ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - простории | **1,0** |
| - простории со висина до 2,50м, и назидок на основна к-ција до 1,5м | **0,6** |
| - простории со висина до 2,50м, подпокривен простор и наклон од 60º од еркери на кровот | **0,8** |
| - простории со висина до 2,50м, подпокривен простор и назидок на основна к-ција до 2,0м | **0,8** |
| - магацини | **0,5** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара | **0,3** |
| - трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,4** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,5** |
| - паркиралишта и гаражи со рампи за влез во нив (во габарит на објект) | **0,1** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,5** |
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,4** |
| - балкони, тераси | **0,3** |
| - деловни простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,8** |
| - деловни простории во визба вкопани повеќе од 1,0м | **0,6** |
| - галерии со помала висина од 2,5м | **0,8** |
| - отворен наткриен простор и партер за заедничка комуникација | **0,3** |

| **3. ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - катни гаражи | **0,05** |
| - спортски покриени објекти | **0,5** |
| - спортски покриени објекти – монтажен с-м (балон) | **0,4** |
| - спортски откриени објекти | **0,3** |
| - гасни станици и базни станици – за 50% од површина на локацијата | **1,0** |
| - отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата | **1,0** |
| - базени | **0,2** |
| - трафостаници над 35 КВ | **1,0** |
| - антенски столб –се смета на м´ | **0.15** |
| - платформа на антенски столб | **0.15** |
| - објекти поврзани со антенскиот столб | **0.15** |

| **4. ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ<br>Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - Г1 тешка и загадувачка индустрија | **0,05** |
| - Г2 лесна и незагадувачка индустрија | **0,05** |
| - Г3 сервиси | **0,05** |
| - Г4 стоваришта | **0,05** |
| - администрација | **1,00** |

| **5. ЗА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА И НЕЈЗИНИ ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **коеф.** |
|---|---|
| - продажни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |
| - услужни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |

| **6. ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ<br><br>Б5 – УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКСИ, ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ОДМОРАЛИШТА<br><br>А4 – ХОТЕЛ, МОТЕЛ, ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ ВО ВИКЕНД КУЌИ, ПЛАНИНАРСКИ ДОМ И ЛОВЕН ДОМ** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,05** |

| **7. ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,05** |

| **8. ЗА ОБЈЕКТИ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,50** |

| **9. ЗА ОБЈЕКТИ ЗА КУЛТУРА** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,01** |

| **10. ЗА ОБЈЕКТИ ЗА ТЕРЦИЈАЛНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,05** |

| **11. ЗА СТАНБЕНИ НОВИ ОБЈЕКТИ СО ИЗГРАДЕНОСТ ДО 30% НЕТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА** | **коеф.** |
|---|---|
| - станбени простории | **1,50** |
| - станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | **0,30** |
| - станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор со надзидок до венец | **0,75** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,60** |

| | |
|---|---|
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,45** |
| - балкони, тераси | **0,30** |
| - заеднички проодни тераси, пасажи, | **0,30** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | **0,45** |
| - трафостаници до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,45** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,45** |
| - стражарници, управител, простории за домар | **0,75** |
| - паркиралишта и гаражи со рампи во габарит на објект | **0,15** |
| - станбени простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,75** |
| - галерии со висина помала од 2,5м | **1,20** |

| **12. ЗА ДЕЛОВНИ НОВИ ОБЈЕКТИ СО ИЗГРАДЕНОСТ ДО 30% НЕТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА** | **коеф.** |
|---|---|
| - простории | **1,50** |
| - простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | **0,90** |
| - простории со висина до 2,50м, подпокривен простор со надзидок до венец | **1,20** |
| - магацини | **0,75** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара | **0,45** |
| - трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,60** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,75** |
| - паркиралишта и гаражи со рампи за влез во нив (во габарит на објект) | **0,15** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,75** |
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,60** |
| - балкони, тераси | **0,45** |
| - деловни простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **1,20** |
| - деловни простории во визба вкопани повеќе од 1,0м | **0,90** |
| - галерии со помала висина од 2,5м | **1,20** |
| - отворен наткриен простор и партер за заедничка комуникација | **0,45** |

По исклучок од став 1 на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- инсталационите канали,
- окната за лифтови,
- окна на врати
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство

За објекти од став 1 на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на

уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став 1 и 2 од овој член. Височината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став 1 и 2 од овој член и за други објекти од став 1 на овој член без оглед на неговата височина, кои се наогаат на иста градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно став 1 и 2 од овој член.

За објекти од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во член 8 став 1. точка 4 од овој правилник.

За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како и за брани со акомулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа, и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советотот на општината, советотот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став(1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

Дефинирањето на поедини нивоа во објектот во смисла на овој правилник без оглед за која намена се користи е според Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти.

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре.

**Член 9**

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од став 1 на овој член, површините на потпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

**Член 10**

За реконструкција на објекти во постојниот габарит на објектот не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште.

**Член 11**

За пренамена на објектите (станбени и помошни) во деловни се наплатува еднократен надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот или дел од објектот, а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

За повластените деловни објекти за кои е платен надомест за уредување на градежното земјиште со коеф. од 5% со точно дефинирана намена, при пренамена од деловен со 5% во деловен со друга намена и од деловен со 5% во станбен простор се наплатува надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест

до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот

**Член 12**

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште при обнова на објекти кои се порушени од пожари, поплави и снегови и тоа само за градба што одговара на првобитната состојба.

**Член 13**

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на стекната сопственост и останата документација од надлежен орган се утврдуваат со договор помеѓу сопственикот на земјиштето и субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

**Член 14**

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација и се здобијат со нова станбена или деловна површина должни се да платат соодветна разлика утврдена со анекс договор за уредување на градежното земјиште за ново изградената површина помножена со надоместокот во моментот на плаќањето по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

**Член 15**

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместокот за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

## V НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

**Член 16**

Средствата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола се здружуваат на посебна сметка и се користат за реализација на програмата за уредување на градежното земјиште.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите согласно овој правилник.

## VI ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.гласник на Општина Битола„ бр. 09-125/25 од 23.12.2016;)

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарска 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по катастарски општини

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарска 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по катастарски општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр. ( 05/2002 ), член 5 од Законот за даноците на имот „Службен весник на Република Македонија“ бр. ( 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015 и 192/2015 ), членови 12 и 13 од Методологија за процена на пазарната вредност на недвижниот имот „Службен весник на Република Македонија“ бр. ( 54/2012, 17/2013, 21/2013 и 142/2014 ) и членови 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола .

### Член 2

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и истото може да биде градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и градежно земјиште во општа употреба.

Градежно неизградено земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Градежно изградено земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно земјиште за општа употреба е непарцелирано градежно земјиште кое служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба, кое се наоѓа вон рамките на градежните парцели и врз кои не е планирано/утврдено право на градење.

### Член 3

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

## I. Во град Битола

Градежно изградено земјиште
- 2.000 ден/м$^2$ – 4-та и 5-та зона
- 1.200 ден/м$^2$ – 6-та и 7-ма зона
- 1.000 ден/м$^2$ – 8-ма и 9-та зона
- 800 ден/м$^2$ – 10-та и 11-та зона

Градежно земјиште за општа употреба
- 2.000 ден/м$^2$ – 4-та и 5-та зона
- 1.200 ден/м$^2$ – 6-та и 7-ма зона
- 1.000 ден/м$^2$ – 8-ма и 9-та зона
- 800 ден/м$^2$ – 10-та и 11-та зона

Градежно неизградено земјиште
- 4.000 ден/м$^2$ – 4-та и 5-та зона
- 3.000 ден/м$^2$ – 6-та и 7-ма зона
- 2.400 ден/м$^2$ – 8-ма и 9-та зона
- 1.200 ден/м$^2$ – 10-та и 11-та зона

## II. Просечна цена за метар квадратен метар на градежното земјиште во селата на подрачјето на Општина Битола се движи:

1. Лавци, Брусник, Буково, Дихово, Трново, Магарево, Горно Оризари
Градежно изградено земјиште – 600 ден/м$^2$

Градежно земјиште за општа употреба – 600 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 1.200 ден/м2

2. Братиндол, Крстоар, Бистрица, Логоварди, Долно Оризари, Кукуречани, Кравари
Градежно изградено земјиште – 500 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 500 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 1.000 ден/м$^2$

3. Ротино, Крклино, Раштани, Нижеполе
Градежно изградено земјиште – 400 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 400 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 800 ден/м$^2$

4. Ѓавато, Кажани, Маловишта, Цапари, Олевени, Канино, Барешани, Породин, Жабени, Карамани, Оптичари, Поешево
Градежно изградено земјиште – 300 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 300 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 600 ден/м$^2$

5. Рамна, Лера, Горно Српци, Доленци, Драгарино, Црнобуки, Драгожани, Трн, Велушина, Лисолај, Егри, Лопатица
Градежно изградено земјиште – 200 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 400 ден/м2

6. Кременица, Лажец, Граешница, Драгош, Кишава, Острец
Градежно изградено земјиште – 200 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 200 ден/м$^2$

7. Свињишта, Секирани, Снегово, Старо Змирнево, Црнеец, Стрежево, Метимир, Облаково, Злокуќани, Древеник, Горно Ореово, Габалавци, Гопеш
Градежно изградено земјиште – 100 ден/м$^2$
Градежно земјиште за општа употреба – 100 ден/м$^2$
Градежно неизградено земјиште – 100 ден/м$^2$

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-100/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарска 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по катастарски општини

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарска 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по катастарски општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 5 од Законот за

даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 и 192/15) и член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини .

### Член 2

Почетната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Клса 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Барешани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Бистрица | 105,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Битола | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Братин дол | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Брусник | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Буково | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Велушина | 60,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Габалавци | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Оризари | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Горно Српци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Орехово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Гопеш | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Градешница | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Дихово | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Доленци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Долно Оризари | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгош | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгарино | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Драгожани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Древени | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ѓавато | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Егри | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Жабјани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Злокуќани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Карамани | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Кажани | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Канино | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кишава | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Крклино | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Крстоар | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кременица | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кравари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кукуречани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Лавци | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лажец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Лера | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Лисолај | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Логоварди | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лопатица | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Магарево | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Маловиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Метимир | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Нижеполе | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Облаково | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Олевени | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Оптичари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Острец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Поешево | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Породин | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Рамна | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Раштани | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Ротино | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Свињиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Секирани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Снегово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ст.Змирнево | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Стрежево | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Трново | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Трн | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Цапари | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Црнеец | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Црно Буки | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 998 земја | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 999 Земја | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 80 став 1 од Законот за градење („Службен весник на Р.М.“ бр. 130/09...132/16), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола.

**Член 2**

Урбана опрема може да се поставува во согласност со закон, прописите донесени врз

основа на закон, критериумите и стандардите утврдени во оваа одлука и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.

**Член 3**

(1) Како урбана опрема се смета тоа што е определено во важечкиот закон кој ја уредува предметната материја и други прописи.

(2) Под **„јавна површина“** се подразбира простор кој во важечките акти за уредување на просторот е дефиниран и означен со регулациони линии, градежно земјиште кое е во општа употреба и воздушниот простор над него.

(3) Како јавни површини, во смисла на оваа одлука, се сметаат и неизградени површини кои се предвидени за градба, се до реализација на предвидената намена со актите за планирање на просторот.

(4) Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменета исклучиво за движење на пешаци, на која не смее да се поставува урбана опрема.

**Член 4**

(1) Одредбите на оваа одлука се применуваат во управната постапка во која се решава за основаноста на барањето за поставување на урбана опрема на јавни површини.

(2) Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на дефинирани градежни парцели согласно детален урбанистички план, каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната документација (простори на пазари, саеми, автобуски и железнички станици, трговски центри, индустриски и други јавни објекти).

## II. ОПШТИ СТАНДАРДИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

**Член 5**

(1) Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелената површина или да се нарушува или намалува естетскиот и општиот изглед на околината, како и да се влијае на вредностите односно да се оштетува или уништува културното наследство.

(2) Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го нарушува или намалува естетскиот и општиот изглед на околината, ниту да влијае на интегритетот на културното наследство, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава или непријатна миризба.

**Член 6**

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее да биде трајно прицврстена за облогата на нагазните јавни површини, а нејзиното поставување и отстранување треба да може да се изведе лесно, едноставно и без оштетување на истата.

**Член 7**

Урбаната опрема како и јавната површина врз која е поставена мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

**Член 8**

(1) Поставувањето на урбана опрема, не смее да претставува или да има ефект на бариера во просторот, која може да го попречи безбедното движење на пешаците или да го оневозможи движењето на лица со посебни потреби и на возилата од јавните служби.

(2) При поставување на урбана опрема, не смее да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менува материјалот и нивелетата на површината што се користи.

(3) При поставување на урбана опрема, не може да се поставуваат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата на терен во пад, каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречува или отежнува движењето на пешаците или лицата со посебни потреби.

(4) По искучок од став 3, во зимски период, може да се постават платформи и рампи кои не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците и лицата со посебни потреби

**Член 9**

(1) Минималната широчина на улицата на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2м.

(2) При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема мора да биде на минимално растојание од 0.80м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, информативни паноа и др.) односно 1.5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

(3) Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м.

**Член 10**

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

**Член 11**

(1) При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

(2) Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столчиња,денивелација и сл.), но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

(3) Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, согласно став (1) на овој член, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален уред или друг објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комуналниот уред или другиот објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

**Член 12**

(1) Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии.

(2) Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален објект или информативно пано).

**Член 13**

1.При поставувањето на урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа Одлука, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

2. Во случај на поставување на настрешници, тенди, истакнување на фирми, поставување на информативни паноа како и друга опрема на објект кој преставува културно наследство, односно поединечно заштитено добро, или на дел од заштитеното добро *Старо Градско Јадро на Битола* прогласено со закон за културно наследство од особено значење, особено на објекти кои го творат амбиенталниот изглед на заштитените добра *Урбаните комплекси „Широк Сокак“* и *„Стара Чаршија“* истото се изведува само со претходно обезбедено одобрение од Управата за заштита на културното наследство согласно член 80 став 2 од Законот за заштита на културното наследство.

**Член 14**

На ул.„Широк Сокак“ минималната широчина на слободната проодна површина треба да изнесува по 2,25м од двете страни на осовината на улицата, **<u>освен во зимски период, кога минималната широчина на слободна проодна површина треба да</u>**

**<u>изнесува по 3м од двете страни на осовината на улицата.</u>**

**Член 15**

Низ улиците во Старата Битолска чаршија минималната широчина на слободната проодна површина треба да изнесува по 1,25м од двете страни на осовината на секоја улица посебно.

**Член 16**

Во комплексот „Градски реонски пазар“ минималната широчина на слободната проодна површина треба да изнесува 2м од периферијата на објектот.

## <u>II.1-УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ЗИМСКИ ПЕРИОД</u>

**Член 17**

(1) Секоја година во периодот од 15.11 (ноември) – 15.04 (април), сопствениците на угостителски објекти може да постават урбана опрема (метална ограда со стакло), само по ширината на објектот, на локациите улица „Широк Сокак“ и комплекс „Градски реонски пазар“.

(2) По завршувањето на периодот од став 1, сопствениците на угостителските објекти, должни се веднаш да ја отстранат урбаната опрема (металната ограда со стакло) како и дрвената платформа (подлога) на сопствен трошок.

(3) Висината на металната ограда со стакло треба да биде 1,80м од кота нула, со тоа што металниот дел ќе биде во висина од 0,9м, а стаклениот дел 0.9м во форма на правоаголник. Металниот дел треба да биде обоен во две бои- зелена маслинеста(Y145) и валкано бела (слонова коска) (X050) (вертикално) согласно каталогот HELIOSS MONICOLOR 720.

(4) На локацијата за која ќе биде издадено одобрение за поставување на урбаната опрема (метална ограда со стакло), во зимскиот период мора да се постави дрвена платформа (подлога) со минимална висина од 15цм, со соодветна изолација од долната страна

(5) Прицврстувањето на металната ограда со стакло задолжително да биде на дрвената платформа (подлога)

(6) Се забранува прицврстување на металната ограда со стакло на облогата на нагазните јавни површини и на градбите во кои се сместени објектите (членот се однесува за баратели кои имаат објекти на амбиенталната улица Широк Сокак и Стара чаршија.)

(7) При доставување на Барањето за поставување на урбана опрема до Градоначалникот на Општина Битола, задолжително да се достави и Барање до Управата за заштита на културното наследство – Скопје согласно член 80 став 2 од Законот за заштита на културното наследство со цел добивање Одобрение од Управата. Во Барањето задолжително да има Извод од централен регистар, детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се врши дејност, детален цртеж со опис на новата ситуација на површината на која се бара да се врши дејност, како и детали на урбаната опрема што ќе се лоцира на површината на која што се бара да се врши дејност. (членот се однесува за баратели кои имаат објекти на амбиенталната улица Широк Сокак).

(8) На барателот за поставување на урбана опрема кој што нема да добие Одобрение од Управата за заштита на културното наследство, Барањето за поставување на урбана опрема ќе му биде одбиено.

(9) Се забранува поставување на урбана опрема и користење на јавна површина се до добивање на важечко Одобрение во кое ќе бидат пропишани условите за користење.

**Член 18**

Субјектите се должни да го усогласат своето работење со измените од оваа Одлука во рок од 20 (дваесет) дена од денот на влегување во сила на Одлуката.

## III. ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**<u>Платформи</u>**

**Член 19**

(1) Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и

површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

(2) Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште пристапно за поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

(3) Поставувањето и отстранувањето на платформата треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја користел јавната површина.

**Информативни паноа**

**Член 20**

(1) Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Битола, возен ред и друго) и огласување на културно-уметнички, спортски и други манифестации.

(2) Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот или движењето на пешаците.

(3) Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл. согласно со Законот за заштита на културното наследство.

**Телефонски говорници, поштенски сандачиња, пултови и банкомати**

**Член 21**

1) Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

(2) Минималниот простор кој што треба да е слободен пред опремата и уредите од став 1 на овој член изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, без притоа да се наруши или оневозможи движењето на пешаците.

**Јавни санитарни јазли.**

**Член 22**

(1) Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти.

(2) Јавните санитарни јазли не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и настрешници**

**Член 23**

(1) Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено и безбедно движење од сите корисници согласно важечкиот општ правен акт кој ги пропишува стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, особено во однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со посебни потреби), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

(2) Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

**Член 24**

(1) На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

(2) Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

(3) Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

**Член 25**

(1) Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема која ќе се користи за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

(2) Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали.

**Член 26**

(1) Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

(2) Чадорите мора да бидат со минималната слободна височина од најмалку 2.4м.

(3) Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, поради што можат да ја прекриваат само одобрената површина и не смеат да биде прицврстени за подлогата.

**Член 27**

(1) Тенди се типски-монтажни елементи со роло механизам, конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

(2) При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина мора да изнесува најмалку 3.2м.

(3) Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

(4) Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 28**

(1) Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

(2) При поставување на настрешници минималната слободна височина мора да изнесува најмалку 3.2м.

(3) Доколку се поставува настрешница, не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

(4) Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал кој вертикално ќе се спушта до подлогата.

**Член 29**

(1) Жардињерите поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата или да имаат висина поголема од 0,8 м.

(2) Жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо естетско ниво и да се вклопуваат во амбиентот.

(3) Во пешачките зони не се поставуваат жардињери кон пешачката зона, односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

**<u>Самостоечките рекламни паноа</u>**

**Член 30**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11 и 51/11) и посебен акт на општина Битола.

**<u>Опрема за забава на деца и детски игралишта</u>**

**Член 31**

(1) Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

(2) Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

**Член 32**

(1) Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуават на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации.

(2) Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м x 1,2м за лицата со посебни потреби.

(3) Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**Жардињери, граничници**

**Член 33**

(1) Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот помеѓу сообраќајница и пешачка површина.

(2) Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, при што по истекот на важноста на одобрението овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

(3) Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**Тезги**

**Член 34**

(1) Тезги се лесно подвижни елементи на урбана опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена. Не е дозволена продажба на храна.

(2) Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата.

(3) Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 $м^2$, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

(4) Не е дозволено поставување на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

**Член 35**

(1) Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

(2) Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред деловни објекти, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

(3) Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

(4) Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

(5) Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застаклување и слично)

**Член 36**

Од поглавјето III Посебни стандарди за поставување на урбана опрема во заштитено добро „Старо Градско јадро‘‘ и поединечно заштитени објекти, ќе се применуваат одредбите согласно член 80 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Сл Весник на РМ бр.: 20/04; 71/04; 115/07; 18/11; 148/11; 23/13; 137/13; 164/13; 38/14; 44/14; 199/14; 104/15; 154/15; 192/15 и 39/16) и Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење (Сл. Весник на РМ бр.169 од 30.09.2015 год.).

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“ и ќе стани составен дел од Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Битола.

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување

на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола („Службен гласник на општина Битола“ бр.7/13)

Бр.09-100/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски




Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за измена на решението за разрешување и именување членови во Училишен одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола бр. 09-83/24 од 23.11.2017 година**

1. Го објавувам Решението за измена на решението за разрешување и именување членови во Училишен одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола бр. 09-83/24 од 23.11.2017 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 88 став 2 и 5 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95...67/17) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за измена на решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ ,,Јане Сандански“ Битола бр.09-83/24 од 23.11.2017**

1. Во решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола бр.09-83/24 од 23.11.2017 („Службен гласник на општина Битола“ бр.14/17), во точката 1, се врши измена на алинеите 2 и 3, на начин што наместо лицата кои се разрешуваат Гордана Балтовска и Зоран Ѓурчиновски, треба да стои:
-Пандовска Александра
-Горан Ѓурчиновски“.

2. Останатиот дел од решението останува непроменет.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-100/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Решението за измена на решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУ Зоолошка градина Битола бр. 09-83/21 од 23.11.2017 година**

1. Го објавувам Решението за измена на решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУ Зоолошка градина Битола бр. 09-83/21 од 23.11.2017 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1083/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ" бр. 38/96.......39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за измена на решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Зоолошка градина Битола бр.09-83/21 од 23.11.2017**

1. Во решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Зоолошка градина Битола бр.09-83/21 од 23.11.2017 год. („Службен гласник на Општината Битола" бр. 14/17), во точката 1, се врши измена во делот на лицата кои се именуваат и истиот треба да гласи:

СЕ ИМЕНУВААТ:

– Илина Чоревска - ВСС Факултет за драмски уметности, од Битола, ул. „Димитар Илиевски –Мурато" бр. 5/2/33

– Филип Мирчевски-ВСС Факултет за драмски уметности, од Битола, ул. „Дебарска" бр. 55

– Петар Чупона-ВСС д-р по ветеринарна медицина, од Битола, ул. „Бошко Најдовски" бр. 44

– Розита Савевска-претставник од ЈОУ Зоолошка градина Битола, од Битола, ул. „Ѓорги Сугарев" бр. 21-а

– Пеце Пејчиновски-претставник од ЈОУ Зоолошка градина Битола, од Битола, ул. „Мукос" бр. 14.

2. Останатиот дел од решението останува непроменет.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на општината Битола".

Бр.09-100/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Решението за формирање Управен одбор на Фондот за Наградата „4. Ноември" на Советот на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за формирање Управен одбор на Фондот за Наградата „4. Ноември" на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1083/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 9, член 22 став 1 точка 44 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Управен одбор на Фондот за Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола**

1. Се формира Управен одбор на Фондот за Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола во состав:
Валентин Груевски, претседател
Членови:
– Борче Димитровски,
– Горан Михајловски,
– Жаклина Наумовска,
– Емилија Костурски,
– Елеонора Илиевска,
– Методија Илиевски,
– Габриела Илиевска
– Тони Коњановски.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-100/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање Комисија за подигање на спомен обележја**

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за подигање на спомен обележја, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележја („Сл. Весник на РМ“ бр. 66/04), член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Комисија за подигање на спомен обележја**

1. Се формира Комисија за подигање спомен обележја, во состав:

– Татјана Крнчевска, претседател
– Членови:
– Биљана Поповска,
– Зоран Ѓоргијев,
– Елена Трајчевска и
– Николче Јанкуловски.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-100/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за јавни дејности на Советот на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за јавни дејности на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за јавни дејности на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за јавни дејности на Советот на Општината Битола се разрешува членот Соња Карапец, а на нејзино место се именува Емилија Костурски, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисија за месна самоуправа на Советот на Општината Битола

1. Од Комисија за месна самоуправа на Советот на Општината Битола се разрешува членот Соња Карапец, а на нејзино место се именува Емилија Костурски, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за локален економски развој на Советот на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за локален економски развој на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член во Комисија за локален економски развој на Советот на Општината Битола**

1. Од Комисијата за локален економски развој на Советот на Општината Битола се разрешува членот Соња Карапец, а на нејзино место се именува Емилија Костурски, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 141 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општинта Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година**

1. Се формира Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година, во состав:
– Валентин Груевски, претседател
– Зоран Стојчевски, член
– Бурим Ќерими, член
– Зоран Ѓоргиев, член
– Веселин Талевски, член
– Елизабета Тодоровска, член
– Ристенка Алтипармаковска, член
– Иван Чулакоски, член

– Борче Димитровски, член
– Горан Михајловски, член
– Николче Јанкуловски, член.

2. Основна задача на Комисијата е врз основа на претходно добиените предлози и мислења од овластени предлагачи и заинтересирани субјекти, да ја утврди Предлог-програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за формирање Совет за јавно здравје во Општина Битола

1. Го објавувам Решението за формирање Совет за јавно здравје на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 18 став 3 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ“ бр.22/10...37/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за формирање на Совет за јавно здравје во Општина Битола

1. Се формира Совет за јавно здравје во општина Битола во состав:

– Елизабета Крстевска-претставник од Центар за јавно здравје
– Тони Коњановски-претставник од општина Битола
– Борче Корлевски-претставник од општина Битола
– Олга Лозановска-претставник од општина Битола
– Ристенка Алтипармаковска-претставник од општина Битола

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-100/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола

1. Го објавувам Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 24 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06...33/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола

1. За командир на Полициската станица од општа надлежност Битола се избира Драганчо Велевски, од с. Могила, Ивањевци бб, ВСС Факултет за детективи и безбедност.

2. Примерок од решението да се достави до Министерот за внатрешни работи и избраниот кандидат.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-100/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен Дом Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен Дом Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/35 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ бр.43/12...37/116), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен Дом Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА д-р Душко Димитриевски од член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Битола-претставник од единицата на локалната самоуправа.

2. СЕ ИМЕНУВА Морена Пандовска-дипломиран инженер по фармацевтска технологија, за член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен Дом Битола, како претставник од единицата на локалната самоуправа.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-100/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96.......39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА лицето Драган Николовски како член од Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола

2. СЕ ИМЕНУВА лицето Владимир Насовски-дипломиран правник за член во Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1083/37 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 32 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА Жаклина Наумовска од член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола.

2. СЕ ИМЕНУВА Ристенка Алтипармаковска за член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-100/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2018 година ............................................................ 1

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2018 година ....................... 2

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување јавните зелени површини на територијата на Општината Битола во 2018 година ........................................... 2

З А К Л У Ч О К за не усвојување Годишниот план за работа на ЈП „Нискоградба“ Битола за 2018 година ............................................................ 3

З А К Л У Ч О К за не усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2018 година..... 3

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2018 година ...................................................................... 3

З А К Л У Ч О К за не усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2018 година ... 4

З А К Л У Ч О К за не усвојување Финансискиот план и програма за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг – Битола за 2018 година................ 4

З А К Л У Ч О К за не усвојување Програмата за работа на Старскиот дом „Сју Рајдер“ Битола во 2018 година ........................................... 5

П Р О Г Р А М А на Општината Битола за финансирање на културата во 2018 година.......... 8

П Р О Г Р А М А за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Битола за 2018 год. ......................... 11

П Р О Г Р А М А за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2018 година......................................... 16

П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година .................... 24

П Р О Г Р А М А за економски развој во Општина Битола за 2018 год. .............................. 27

П Р О Г Р А М А за работата на комисијата за еднакви можности 2018....................................... 33

П Р О Г Р А М А на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2018 година ......... 34

П Р О Г Р А М А за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2018 год. .............. 37

П Р О Г Р А М А За користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2018 год. ............................. 39

П Р О Г Р А М А за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2018 год. ................................................................ 40

П Р А В И Л Н И К за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ......................................... 55

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини ......................................... 63

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2018 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини ... 65

О Д Л У К А за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола........................... 66

РЕШЕНИЕ за измена на решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола бр.09-83/24 од 23.11.2017 .. 73

РЕШЕНИЕ за измена на решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Зоолошка градина Битола бр.09-83/21 од 23.11.2017....................... 74

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Управен одбор на Фондот за Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола ........................... 75

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за подигање на спомен обележја ............................ 75

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за јавни дејности на Советот на Општината Битола ........................... 76

З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општината Битола .......................................... 76

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисија за месна самоуправа на Советот на Општината Битола ........................... 76

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисија за локален економски развој на Советот на Општината Битола ....................... 77

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2018 година .. 77

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за јавно здравје во Општина Битола....................... 78

Р Е Ш Е Н И Е за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола ................................................................... 79

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен Дом Битола ....................................... 79

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ Битола................................................. 80

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола ............................................... 80

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211